

**Интервју со Ивона Дуноски: Во Риека – Македонија во мало**



**Македонија заслужува членство во ЕУ и тоа многу брзо**

# МАКЕДОНСКИ ГЛАС


Година XXXIII 2026.

ЈАНУАРИ - ФЕВРУАРИ
SIJEČANJ – VELJAČA

ISSN 1333-7769

БРОЈ
159




## МКД „Илинден“ го прослави 35. роденден



**Мултиетничноста е дел од нашиот идентитет**



**Во спомен на претседателот Борис Трајковски**

**ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН!**

# Ferozomal

**mikrogranule za izravnu primjenu**
dodatak prehrani sa sladilima

okus limuna i šumskog voća
**s liposomalnim željezom**
**i vitaminima C i $B_{12}$**
30 vrećica




ALKALOID

*Health above all*

OGL-637-01-03-2025-HR

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Будем Конзалтинг д.о.о.
Превод и лектура: Лидија Георгиева
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Милена Златеска
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Гордана Квајо – Риека
Антонела Галиќ – Задар
Марта Жаја – Сплит
Михаела Златеска – Пула

Ovo je glasilo izrađeno uz financijsku podršku Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske. Sadržaj ovog glasila u isključivoj je odgovornosti Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj i ni pod kojim se uvjetima ne može smatrati kao odraz stajališta Savjeta za nacionalne manjine RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zmurh.hr@gmail.com
За издавачот: Илија Христодулов
Печат: „Мпринт“ – Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Sektor informiranja, Ur.broj 389-03-5/2-93-01/343, dana 14.07.1993. godine.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske, Ur.broj 532-03-1/7-94-01, od 10.05.1994. godine, ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Младите во центар

Во време на брзи промени, кога границите се бришат, а секојдневието станува сè поинтензивно, едно останува непроменето – потребата човекот да знае кој е, од каде доаѓа и кому му припаѓа.

Македонската заедница во Република Хрватска со децении со гордост ги негува својот јазик, култура, обичаи, традиција и духовност како идентитет, истовремено активно учествувајќи во општествениот и културниот живот на земјата во која живееме. Токму таа рамнотежа помеѓу зачувувањето на сопствените корени и отвореноста кон другите е нашата најголема сила.

Особено нè радува фактот што од година во година се зголемува бројот на ученици кои ја посетуваат наставата по Македонски јазик и култура. Тој тренд покажува дека интересот за нашето наследство не стивнува, туку се пренесува на новите генерации. Во уште едно основно училиште во Хрватска – „Стрмец“, започна наставата по Македонски јазик и култура, со што дополнително се зајакнува мрежата на образовни програми наменети за нашата заедница.

Тоа не е само статистички податок – тоа е доказ за живоста на нашата заедница, за довербата на родителите и ентузијазмот на учениците, но и за посветеноста на наставниците, здруженијата и институциите кои вложуваат напор за македонскиот јазик и култура да се зачуваат и развиваат.

Младите се во центарот на оваа приказна. На нив им останува одговорноста, но и привилегијата да го продолжат она што претходните генерации го граделе со љубов и посветеност. Нашата задача е да им обезбедиме поддршка, знаење и простор за изразување за да го носат својот идентитет со гордост.

Во новиот број на „Македонски глас“ ви носиме приказни за луѓето, проектите и настаните кои потврдуваат дека нашата заедница е жива, активна и поврзана. Нека овој број ни биде поттик да продолжиме да ги негуваме своите вредности, да ја зајакнуваме меѓусебната доверба и со оптимизам да гледаме кон иднината.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Македонија заслужува членство во ЕУ и тоа многу брзо



*Хрватскиот министер за надворешни и европски работи Гордан Грлиќ Радман на 26 и 27 февруари 2026 година оствари работна посета на Македонија каде што имаше низа средби со државниот врв*

На средбите со домаќините – македонскиот министер за надворешни работи и надворешна трговија, Тимчо Муцунски, со македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова, премиерот Христијан Мицкоски и претседателот на македонското Собрание, Африм Гаши, министерот Гордан Грлиќ Радман ја повтори хрватската поддршка на Македонија на патот кон евроинтеграциите, но и ставот дека Македонија заслужува членство во Европската унија и тоа многу брзо.

На заедничката прес конференција на двајцата министри за надворешни работи, Грлиќ Радман потсети на почетокот на преговорите со ЕУ.

- Сетете се пред 20 и повеќе години. Да не се случеше тоа што се случи, Северна Македонија можеби ќе беше во ЕУ пред Хрватска. Ако тогаш постоеја реформски услови, тогаш постојат и сега, по 20 години. Кога зборуваме за тој аспект, гледаме перспектива, рече хрватскиот министер.



Тој додаде дека и за граѓаните на Македонија е важен еден позитивен, афирмативен, психолошки момент ако почнат преговорите со ЕУ и дека Македонија може да оствари голем прогрес.

## Искрена поддршка

„Се надеваме дека многу скоро ќе се создадат услови за почеток на преговорите за што имате наша искрена поддршка“, посочи Грлиќ Радман.

На средбата со македонската претседателка беше потврдено цврстото македонско-хрватско пријателство коешто двете земји го негуваат повеќе од три децении втемелено на взаемна почит и разбирање и реализирано низ политички дијалог и конструктивна соработка, соопштија од Кабинетот на македонската претседателка Гордана Сиљановска-Давкова.

Претседателката искажа искрена благодарност за хрватското отворено и континуирано разбирање и поддршка на македонската интеграција, како и за принципиелниот став на Хрватска дека проширувањето на Унијата со Западен Балкан треба да се темели на реални заслуги без билатерализам и вето.

## Забрзување на евроинтеграцискиот процес

На 23 и 24 март претседателката Сиљановска-Давкова ја посети Хрватска, а заедно со Договорот за стратешка соработка со Владата на Република Хрватска се очекува партнерството помеѓу Македонија и Хрватска дополнително да се зајакне.

Високиот гостин од Хрватска уште еднаш ја повтори подготвеноста на неговата држава да придонесе кон забрзување на македонскиот евроинтеграциски процес во рамките на Копенхашките критериуми, потенцирајќи дека македонската држава доби статус на кандидат за членство во ЕУ во март 2005 година, односно неколку месеци пред Хрватска.



При посетата на министерот Грлиќ Радман беше посочено дека меѓу двете земји нема отворени прашања и дека соработката е одлична во сите сфери, а потенцијал за продлабочување на соработката се економијата, енергетиката, здравството, културата и туризмот.

Милена Георгиевска

# Положбата на македонското малцинство во фокусот на средбата во Загреб

*Во разговорите беше истакната важноста на институционалната поддршка и континуираната соработка со надлежните тела за зачувување на националниот идентитет*

Во топла и пријателска атмосфера, во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска во Загреб, на 17 февруари 2026 година беше одржана средба меѓу делегација на македонската Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво „ИНОВА“ и претставници на МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Средбата се реализираше во рамките на официјалната работна посета на македонската делегација на Република Хрватска и преку размена на искуства беше посветена на унапредувањето на меѓусебната соработка, со фокус на општествениот развој и положбата на македонското национално малцинство.

Делегацијата ја предводеше директорката на „ИНОВА“, Даниела Димовска. Заедно со делегацијата, на средбата присуствуваше и директорката на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, Мими Ѓоргоска Илиевска.

## Мост меѓу двете држави

Со зборови на срдечно добредојде, присутните ги поздравија потпретседателката на МКД „Охридски бисер“, Виолета Штерјова, и секретарката на ЗМРХ, Елизабета Петровска. Тие се осврнаа на значењето на долгогодишната работа на македонските здруженија во зачувувањето на македонскиот јазик, култура и традиција и ја нагласија улогата на ЗМРХ како постојан мост меѓу двете држави и нивните култури.

Посебен акцент на средбата беше ставен на положбата и улогата на македонското национално малцинство во Хрватска во современиот општествен контекст. Во таа насока се говореше за заштитата на малцинските права, како и за прашањата поврзани со бројноста и вработеноста на Македонците, за учењето македонски јазик во хрватскиот образовен систем и слично. Беше истакната важноста на институционалната поддршка и континуираната соработка со надлежните тела за зачувување на македонскиот национален идентитет.

Во разговорите беше изразено заедничко задоволство од позитивната динамика во хрватско-македонските односи, како и подготвеност за нивно дополнително зајакнување преку повеќе механизми за поддршка што може да ги понуди Агенцијата. На крајот од средбата, домаќините на гостите им врачија симболични подароци – книги во издаваштво на ЗМРХ и примероци од списанието „Македонски глас“.

Елизабета Петровска







# Мултиетничноста е дел од нашиот идентитет

*Заедничка оценка на седницата беше дека преку искрен дијалог, реципроцитет и јасна политичка волја може дополнително да се унапреди положбата на малцинствата*



На 5 февруари 2026 година во Скопје се одржа 7. седница на хрватско-македонскиот Меѓувладин мешовит одбор за заштита на националните малцинства меѓу Хрватска и Македонија (ММО). На седницата детално беше разгледан напредокот на реализацијата на заклучоците од последната 6. седница и утврдени се идните чекори за напредокот на правата на Хрватите во Македонија според правата што ги уживаат Македонците во Хрватска.

Седницата ја водеа македонскиот заменик министер за надворешни работи и надворешна трговија, Зоран Димитровски, и хрватскиот државен секретар на Средишната државна канцеларија за Хрвати надвор од Хрватска, Звонко Милас, со учество на членови на двете делегации и претставници на националните малцинства. Во хрватскиот дел на ММО во име на Заедницата на Македонците во Република Хрватска присуствуваше потпретседателот Борис Трајановски.

## Темелни вредности

Во своето обраќање, заменик министерот Димитровски истакна дека работата на ММО претставува суштински дел од напорите за заштита и унапредување на човековите и малцинските права, како темелни вредности на европската демократија.

- Заштитата на малцинските права не е само правно прашање. Таа е огледало на демократската зрелост на една држава. За нас, мултиетничноста е дел од нашиот идентитет и грижата за националните малцинства е наша стратешка определба, нагласи Димитровски и воедно изрази благодарност до Република Хрватска за досегашниот третман на македонското национално малцинство.

Државниот секретар Милас, истакна дека според него, најважно е да се продолжи со одржувањето на овие седници. Тоа ја покажува насоката на двете влади дека сакаат да ја промовираат и да ја подобрат заштитата на хрватското и на македонското малцинство.

- Сакам со гордост да истакнам дека Хрватска навистина го држи македонското малцинство високо заштитено во контекст на правата на малцинствата. Тоа им е гарантирано со Уставот. Ќе работиме заедно за да обезбедиме и Хрватите во Македонија да добијат сè што им е потребно за да бидат дефинирани како национално малцинство и сигурен сум дека ова ќе се реши за време на првото отворање на Уставот во Македонија, рече Милас.

## Позитивни практики

Реализацијата на седниците е врз основа на Спогодбата меѓу Хрватска и Македонија за заштита на правата на хрватското малцинство во Македонија и на македонското малцинство во Хрватска, потпишана на 13 октомври 2007 година во Сплит и повеќе од една деценија ММО претставува стабилен и функционален механизам за дијалог меѓу двете пријателски држави.

На оваа 7. седница беше изразено заемно задоволство од досегашната соработка. Посебно беа истакнати позитивните практики во областа на образованието, културата, медиумското информирање и институционалната поддршка. При-

сутните се согласија дека е потребно натамошно зајакнување на комуникацијата меѓу надлежните институции, поефикасна имплементација на препораките и редовно вклучување на претставниците на малцинствата во работата на ММО.

Седницата заврши со заедничка оценка дека преку искрен дијалог, реципроцитет и јасна политичка волја може дополнително да се унапреди положбата на малцинствата, а со тоа и да се зајакнат билатералните односи, како и европската перспектива на регионот. Договорено е 8. седница на ММО да се одржи во 2027 година во Загреб.

Елизабета Петровска



## Семакедонски собир и Агенција за иселеништво

За време на тридневниот престој во Македонија, потпретседателот на ЗМРХ, Борис Трајановски, присуствуваше на Семакедонскиот собир кој годинава се одржа во Кавадарци, под покровителство на ГИ „Нè има“ од Прилеп. Собирот, на кој учествуваа Македонци од Бугарија, Грција, Албанија, Србија и Хрватска, се одржа во чест на 154. годишнина од раѓањето на македонскиот револуционерен великан Гоце Делчев.

Потпретседателот Трајановски во Скопје ја посети и Агенцијата за иселеништво каде што беше срдечно пречекан од директорот Горан Ангелов и од раководителот на Секторот за одржување и унапредување на врските со иселеништвото, Билјана Костова. Во конструктивниот разговор на средбата беа опфатени можности за идна соработка и беа разменети симболични подароци.










# ВО РИЕКА – *Македонија во мало*

***Со претседателката на Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека, Ивона Дуноски, разговараме за јубилејот – 35 години од формирањето на првото вакво друштво во Хрватска, за младите и за иднината на македонската заедница во Хрватска***

По повод одбележувањето на 35 години од формирањето на првото македонско културно друштво во Хрватска „Илинден“ во Риека, разговараме со претседателката Ивона Дуноски. Родена во Риека, со корени по мајка и татко од Демирхисарско, Македонија, таа припаѓа на помладата генерација која со ентузијазам и нови идеи работи на зачувување на македонскиот идентитет, јазикот и традицијата во дијаспората.

Ивона Дуноски е активна во македонската заедница во Риека подолг период и зад себе има богато искуство во работата на здруженијата. Освен што денес ја извршува функцијата претседателка на МКД „Илинден“ (2009-2013, 2021 до денес), таа била и на раководни функции во други македонски асоцијации во Риека, придонесувајќи за развојот на културниот и општествениот живот на Македонците во градот.

Со својата енергија, посветеност и љубов кон корените, Ивона настојува да ги пренесе тие вредности и на новите генерации. Во тој дух ја воспитува и својата ќерка Мари, негувајќи ја љубовта кон македонскиот јазик, културата и традицијата. Во разговорот со неа зборуваме за значењето на јубилејот, за улогата на младите во културните здруженија и за иднината на македонската заедница во Хрватска.

## „Бренд“ друштво

**Годинава се одбележуваат 35 години од формирањето на првото македонско културно друштво во Хрватска. Што значи овој јубилеј за Вас и за македонската заедница во Риека?**

Ова е голем јубилеј, ќе го одбележуваме цела година и на секоја активност ќе се нагласи важноста на 35 години постоење на едно квалитетно, цврсто и „бренд“ друштво. Многу сме горди што можеме со основачите да сечеме торта, како што и направивме на 13 јануари на роденденот на Друштвото, а секој пат тортата ја сечат основачите т.е. најстарите со најмалите. Тоа ни е како традиција. Нашето здружение е Македонија во мало, во кое чукаат големи срца за македонштината која се пренесува од генерација на генерација во мултикултурната Риека. Со гордост можеш да кажеш дека си Македонец и дека МКД „Илинден“ е препознатливо друштво, не само за македонската заедница во Риека, туку многу пошироко.

**Родени сте во Риека, но по потекло сте од Македонија. Како во Вашето семејство се негувале македонската традиција, јазикот и обичаите?**

Риека е специфичен град, мултикултурата и заедничкиот соживот никогаш не правеле разлика помеѓу луѓето со различна националност. Како дел од таква заедница, немав чувство дека треба нешто поинакво да славиме, обележуваме и секогаш кај нас имавме веселби со хармоники, големи друштва, песна, шеги... За Божиќ и Велигден се собираше целото семејство заедно, ама најмногу ми останаа спомени од Василица (кога е и именденот на мајка ми), мазник, зелник и исчекувањето и радоста со брат ми Нено кај кого ќе светне паричето.

## Рацин и Пајдушкото

**Кога и како започна Вашата поврзаност со МКД „Илинден“?**

Иако тато ми од самиот почеток беше во МКД „Илинден“, моите почетоци се врзани со чичко Владо Настески и Гордана Крстевска кои ме поканија да читам песни од Кочо Рацин на една изложба. Првите научени чекори од Пајдушкото оро, се сеќавам тоа беше на прославата за Илинден во Самобор, ми беа од Лидија Ѓореска. Одамна беше тоа, а другото е историја.

**Подолго време сте активни во македонските асоцијации во Риека, а сте биле и на раководни функции. Како започна Вашиот ангажман и што Ве мотивираше да станете претседателка на МКД „Илинден“?**

Првата моја функција беше член на Управниот одбор на МКД „Илинден“ од 2005 година и, всушност, ми беше многу интересен начинот како се извршуваат поставените планови и активностите, на

колку многу подрачја се активни „Илинденците“ и колку сме различни како Македонци дојдени од сите краеви на Македонија. Ме мотивираа постарите членови, затоа што бев спремна и со голема желба да учам. За сите одлуки, правилници и Статутот, тука беше покојниот Михаило Давчевски; за активностите Илија Христодулов, Гордана Крстевска, Владо Настески, покојниот проф. Левко Цветкоски и Велимир Лозановски; за финансиите покојната Марија Бан. Од нив во овие 20 години многу научив, и тоа не само како да се биде претседателка, туку и како да бидеш и добар човек и да знаеш како да се однесуваш со луѓето, со млади, стари, малцинство или мнозинскиот народ, сеедно, како и да почитуваш и да цениш сè што направиле пред тебе и да имаш што да им оставиш на идните генерации.




Се надевам дека наскоро и во оваа генерација на млади ќе се профилира личност која ќе може да преземе сè и да ѝ ја оставам во аманет грижата за македонштината во Риека и во Хрватска.

## Читални, патувања, изложби...

**Како млада и енергична личност, кои нови идеи или иницијативи ги подготвувате за да се привлечат младите генерации кон Друштвото?**

Новите идеи се врзани за членовите во сегашниот Управен одбор – Ана Фантин, Игор Цветкоски, Христина Гроздановска, Лидија Божиќ, Гордана Квајо и Антонио Белушанец. На нив сметам за проекти како што се снимање на „носач на звук“, потоа да се направи македонско катче за да малите деца имаат простор за игра и учење кога родителите се или на проба или на состанок, или ако имаат обврска во градот. Бидејќи, Друштвото е во самиот центар и мислам дека би било идеално малите да се запознаат поблиску, освен што се гледаат на манифестацијата „Детска радост“, кога ги има најмногу. Идејата е да се организираат разни „читални“ кога, на пример, некоја членка ќе чита приказна, а децата да слушаат и да прашуваат па на тој начин македонскиот јазик и традицијата да се пренесуваат на идните генерации. Во план ни е и студиско патување во Македонија за сите членови, потоа одржување на концерт и изложба во поголемите градови, а со нас да патуваат и пријателите или учениците од училиштата каде што се учи македонски јазик и култура.

**Каква е Вашата визија за иднината на македонската заедница и на МКД „Илинден“ во Риека во годините што доаѓаат?**

Како водител на пејачката и фолклорната секција, се надевам дека во скора иднина младите ќе преземат да водат, како што, на пример за игроорната идеите за кореографиите се на Натали Божиќ. Ние веќе имаме простор кој може да се користи за различни активности. Што се однесува за изворите на финансирање, на тоа поле би требало да се работи за да можеме да имаме повеќе програми и да можеме членовите да ги мотивираме со редовни патувања во Македонија. Другиот наш напор ќе биде врзан за зголемување на бројот на членовите бидејќи во последниве години има многу Македонци кои се дојдени во Риека и верувам, кога ќе ги средат основните животни прашања, ќе се приклучат во работата на МКД „Илинден“.

Милена Георгиевска

## Богатството на двете земји

**Во каков дух ја воспитувате Вашата ќерка Мари, која е родена во Хрватска, кога станува збор за македонскиот идентитет и традиција?**

Мари, со своето симболично име (МА – Македонија, РИ – Риека), го носи богатството на двете земји. Јас додека бев бремена организирав годишен концерт на МКД „Илинден“ и го презедов „Златниот грб“ за долгогодишен значаен придонес во развојот и унапредувањето на угледот и интересите на Град Риека па така уште неродена таа беше вклучена во активностите.

Мари од почеток е редовен член на сите проби од пејачката и од игроорната секција, а еве ова година завршува 8. одделение и со учење на македонскиот јазик и култура по моделот Ц. Верувам дека ќе продолжи да оди на дополнителна настава по македонски јазик и во Првата хрватска сушачка гимназија, заедно со своите другарки, Илинденки, со кои деновиве ги планираат прекрасните заеднички дружења на летните школи во Селце и во Берово.





# За програмите на Заедницата на Македонците во РХ 270.650,00 евра

### *Буџетот за националните малцинства во 2026 година зголемен за 10 отсто*

На 6 февруари 2026 година Советот за националните малцинства на Република Хрватска ја одржа својата 113. седница, на која беше усвоена Одлуката за распределба на средствата обезбедени во Државниот буџет на Република Хрватска за потребите на националните малцинства во 2026 година.

Со Одлуката се доделуваат финансиски средства на здруженијата и институциите на националните малцинства за реализација на програми од областа на културната автономија – информирање и издаваштво, културен аматеризам и културни манифестации, како и за програми што произлегуваат од билатерални спогодби и договори. Дел од средствата се наменети и за создавање материјални и организациски претпоставки за остварување на културната автономија на националните малцинства.

### Финансирање на 1235 програми

Претседателот на Советот, Тибор Варга, истакна дека усвојувањето на Одлуката на почетокот на годината претставува значајно олеснување за работата на малцинските здруженија, кои во изминатите години честопати беа принудени своите активности да ги реализираат дури во вториот или третиот квартал. Тој нагласи и дека година-

| Подгрупа на Државниот буџет | Износ во евра | Намена |
|---|---|---|
| 363 Помош во рамките на општиот буџет | 320.000,00 | 1. Липовљански средби 2026 и Вечер на националните малцинства 2026, Бјеловар (вкупно 20.000,00 евра)<br>2. Создавање претпоставки за остварување културна автономија на националните малцинства (за единиците на локалната и подрачната (регионална) самоуправа) (вкупно 300.000,00 евра) |
| 366 Помош за буџетските корисници од други буџети | 66.362,00 | Финансиска помош во согласност со билатералните договори меѓу Република Хрватска и Италијанската Република (корисник ХНК Иван пл. Зајц Риека, Риека – Италијанска драма) |
| 381 Тековни донации | 12.100.000,00 | 1. Програми за културна автономија (информирање, издаваштво, културен аматеризам и културни манифестации) на здруженија и институции на националните малцинства<br>2. Програма што произлегува од билатералната спогодба на Република Хрватска и Република Унгарија (носител Демократска заедница на Унгарците во Хрватска, Биље)<br>3. Програми што произлегуваат од билатерални договори меѓу Република Хрватска и Италијанската Република (носители Центарот за историски истражувања, Ровињ и Унионе Италијана, Риека)<br>4. Финансиски средства по член 6, став 2 од Критериумите – директно доделување во исклучителни случаи за итно постапување (10.000,00 евра) |
| **Вкупно** | **12.486.362,00** | |

Средства обезбедени од Државниот буџет на Република Хрватска за 2026 година

Комисијата за распределба на средствата за 2026 година предложи финансирање на 1235 програми за културна автономија и билатерални програми за 114 здруженија со 136 членови

| Вид на програми | Број на програми | Распореден износ |
|---|---|---|
| Информирање | 106 | 3.962.240,00 |
| Издаваштво | 72 | 432.700,00 |
| Културен аматеризам | 463 | 3.496.045,00 |
| Културни манифестации | 591 | 3.167.715,00 |
| Билатерални спогодби и договори | 3 | 1.031.300,00 |
| **Вкупно** | **1235** | **12.090.000,00** |

ва аплицирале и неколку здруженија кои не биле ко-финансирани во претходната година, како и едно здружение на турското национално малцинство, кое за првпат поднело пријава.

Во Државниот буџет за 2026 година се планирани тековни донации во износ од 12,1 милиони евра за програми за културна автономија и билатерални програми, што претставува зголемување од 10% во однос на 2025 година, кога беа одобрени 11 милиони евра. Со Одлуката се предлага кофинансирање на програмите во вкупен износ од 12.486.362,00 евра, што во споредба со минатата година претставува зголемување од 1.139.290,00 евра, односно исто така околу 10%.

## Поддршка за програми и манифестации

Во согласност со Уставниот закон за правата на националните малцинства и Критериумите, Советот распределува буџетски средства и за програми за создавање претпоставки за остварување културна автономија на националните малцинства, за која намена во 2026 година се обезбедени средства во износ од 300.000,00 евра. Во рамките на Националниот план за вклучување на Ромите, за периодот од 2021 до 2027 година и придружниот Акциски план, по Предлогот за одлука за распределба на средствата, обезбедени се и средства за претпоставки за остварување културна автономија на ромското национално малцинство.

Советот ја усвои и Одлуката за распределба на средства за програми за создавање материјални претпоставки за остварување културна автономија на националните малцинства во 2026 година, врз основа на која средства во вкупен износ од 300.000,00 евра ќе бидат префрлени на четири единици на локална самоуправа.

Советот и годинава ќе продолжи со кофинансирање на манифестациите „Липовљански средби“ во Липовљани и „Вечер на националните малцинства“ во Бјеловар со по 10 илјади евра, како и на Италијанската драма на ХНК во Риека со 66.362,00 евра наменети за помош на корисници од други буџети.

| Национално малцинство | Распореден износ |
|---|---|
| I. Албанци | 587.600,00 |
| II. Бошњаци | 929.000,00 |
| III. Бугари | 32.720,00 |
| IV. Црногорци | 227.100,00 |
| V. Чеси | 1.059.170,00 |
| VI. Унгарци | 2.023.500,00 |
| VII. Македонци | 328.800,00 |
| VIII. Германци и Австријци | 239.900,00 |
| IX. Полјаци | 70.500,00 |
| X. Роми | 378.700,00 |
| XI. Романци | 28.500,00 |
| XII. Руси | 196.100,00 |
| XIII. Русинци | 300.100,00 |
| XIV. Словаци | 475.340,00 |
| XV. Словенци | 261.350,00 |
| XVI. Срби | 2.584.100,00 |
| XVII. Италијанци | 1.598.800,00 |
| XVIII. Турци | 16.000,00 |
| XIX. Украинци | 493.820,00 |
| XX. Евреи | 258.900,00 |
| **ВКУПНО I.-XX.** | **12.090.000,00** |
| чл. 6. ст. 2. од Критериумите | 10.000,00 |
| **СЕВКУПНО** | **12.100.000,00** |

Рекапитулација на распоредени средства за 2026 година на здруженија и институции на националните малцинства во Хрватска за програми за културна автономија

Претседателот Варга се осврна и на манифестацијата „Културно творештво на националните малцинства во Република Хрватска“, успешно реализирана на 30 ноември 2025 година во Концертната сала „Ватрослав Лисински“ во Загреб, најавувајќи дека годинава таа ќе се одржи на 17 октомври.

### Македонското малцинство со 328.800,00 евра

За македонското национално малцинство во 2026 година одобрени се вкупно 328.800,00 евра за предложените програми. На Заедницата на Македонците во Република Хрватска и шесте македонски

културни друштва во нејзиниот состав доделени се вкупно 270.650,00 евра, што е зголемување за 27.250,00 евра или околу 11,2% повеќе во однос на минатата година.

Дополнително, средства во вкупен износ од 58.150,00 евра годинава добија и следните македонски здруженија во Хрватска: „Хрватско-македонска тангента“ од Шибеник – 10.400,00 евра, Македонско културно здружение „Стоби“ од Сплит – 18.300,00 евра, Македонски културен центар од Сплит – 7.000,00 евра, Македонски културен форум од Пула – 14.950,00 евра и „Завичајни клуб на Македонки и Македонци во Република Хрватска – Александар Македонски“ од Загреб – 7.500,00 евра.

Елизабета Петровска

| ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РХ | Средства / € |
|---|---|
| **Информирање:** | **52.000,00** |
| „Македонски глас“ | 52.000,00 |
| **Издаваштво:** | **10.800,00** |
| „Македонија – Ослободувања“, Драгољуб Сиљаноски | 7.800,00 |
| „Живот во капка роса“, Милена Златеска | 3.000,00 |
| **Културни манифестации:** | **37.200,00** |
| „29. Денови на браќата Миладиновци“ | 2.200,00 |
| „35. Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ | 2.200,00 |
| „Ден на Заедницата на Македонците во РХ“ | 12.000,00 |
| „Денови на глаголицата“ | 2.200,00 |
| „Илинден 1903-2026“ | 12.000,00 |
| Изложба „Творештво на македонски уметници во РХ“ | 2.200,00 |
| „Рацинов ден – Бели мугри“ | 2.200,00 |
| Трибина „Хрватско-македонски културни врски“ | 2.200,00 |
| **Културен аматеризам:** | **170.650,00** |
| МКД „Билјана“, Задар | 17.650,00 |
| МКД „Браќа Миладиновци“, Осиек | 33.000,00 |
| МКД „Илинден“, Риека | 37.000,00 |
| МКД „Св. Кирил и Методиј“, Пула | 31.300,00 |
| МКД „Македонија“, Сплит | 28.000,00 |
| МКД „Охридски бисер“, Загреб | 23.700,00 |
| **ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РХ, ВКУПНО:** | **270.650,00** |

# Трибина „Таинствени морчиќи“

Заедницата на Македонците во Република Хрватска и Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека организираа трибина „Хрватско-македонски културни врски“, одржана на тема „Таинствени морчиќи“. Трибината се одржа на 20 декември 2025 година во просториите на Друштвото, под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Гостин-предавач беше Ѓон Антони, пензиониран златар кој живее во Опатија, по потекло од Скопје, последниот моретист и автор на книгата „Таинствени морчиќи“. Во своето интересно излагање ги претстави резултатите од неговото долгогодишно истражување на историјата на „морчиќите“ – традиционален накит и статусен симбол на Риека и поширокиот регион, како и можните поврзаности со археолошките наоди во Македонија.

Во предавањето, Ѓон Антони истакна дека Иво Рендиќ Миочевиќ, најголемиот хрватски археолог, бил еден од археолозите кои го истражувале археолошкиот локалитет во близина на Охрид. Таму биле пронајдени обетки со негроиден лик, кои по својот изглед потсетуваат на денешните морчиќи. Тој нагласи дека морчиќите имаат апотропејско значење уште од неолитскиот период и дека улогата, традицијата и местото што ги заземаат во историјата на овој простор имаат многу пошироко значење, поради што заслужуваат да бидат заштитени како нематеријално културно добро на Република Хрватска.

Морчиќите, обетки со кои Риечанките ја изразувале припадноста кон својот крај, а Риечаните – морнари и рибари ги носеле како амајлии што носат среќа, оптимизам, позитивна енергија и заштита од зло, денес се впишани како ново нематеријално културно добро во Регистарот на културни добра, како што соопшти Министерството за култура и медиуми на Република Хрватска.



По предавањето и динамичната дискусија, по завршувањето на трибината, се одржа и Свечена седница на Управниот одбор на МКД „Илинден“, на која беа доделени благодарници на учесниците во „Деновите на македонската култура 2025“. Во пријатна и свечена атмосфера, дружењето продолжи со закуска и добро расположение на сите присутни.

Гордана Квајо

# Илинденска ризница



*„Илинденска ризница“ е културен настан посветен на негувањето на македонскиот јазик и обичаи, изложба на македонски ракотворби, слики и народни носии од „бабиниот ковчег“, збогатена со традиционална македонска кујна и драги гости од пријателските културно-уметнички друштва*

Уште една од најпосетените манифестации во рамките на „Деновите на македонската култура 2025“ беше свечено отворена на 6 декември во просториите на МКД „Илинден“ од Риека. Гостите беа пречекани со македонски народни носии, прекрасни ракотворби и неодоливи мириси на традиционални македонски јадења. Посебна чест на домаќините со своето присуство им укажаа македонскиот амбасадор во Република Хрватска, Драган Ѓурчевски, Мерџан Јашари, аташе и Горан Божиновски, министер советник.

Меѓу присутните беа и Илија Христодулов, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Зденка Шибалин Клепац, претседателка на Демократската заедница на Унгарците во Хрватска – здружение на Приморско-горанската жупанија (ДЗМХ-ПГЖ), Жељко Браут, претседател на КД „Корниќ“, Лидија Божиќ, претседателка на Советот на МНМ за Град Риека, Христина Грозданоска, претседателка на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“, отец Дејан Белчовски, парохиски свештеник за Приморско-горанската и Истарската жупанија, претставници на медиумите, како и други гости од малцинските и верските заедници, како и од мнозинскиот народ.

„Илинденска ризница“ беше отворена со, на сите добро познатата македонска песна, „Јовано, Јованке“, во изведба на пејачко-музичката група на МКД „Илинден“, по што претседателката на Друштвото, Ивона Дуноски, срдечно ги поздрави присутните и им се заблагодари на сите за доаѓањето.

## Танц, песна, носии и обичаи

Со пригоден говор на присутните им се обрати македонскиот амбасадор Драган Ѓурчевски, за кого ова беше прва посета на МКД „Илинден“.

Програмата продолжи со настап на домаќините со песната „Невесто, око калешо“, а потоа се претставија пријателите од Корниќ – КД „Корниќ“, кои преку танц, песна, носии и обичаи, под водство на Жељко Браут, ја претставија својата традиција.

Пријателите од Демократската заедница на Унгарците во Хрватска – здружение на Приморско-горанската жупанија (ДЗМХ-ПГЖ), заедно со претседателката Зденка Шибалин Клепац, се претставија со дела од ликовната секција, со што беше отворена и изложбата на слики „Поглед во светот“, изработени од вредните членови на секцијата.

По заеднички отпеаната песна следеше доделување благодарници за учество на оваа етно-манифестација на гостите, како и на вредните членки на МКД „Илинден“, кои покрај подготовката на вкусни традиционални јадења, ги изложија и своите прекрасни ракотворби.

По официјалниот дел од програмата, домаќините, пријателите и гостите го продолжија дружењето во пријатна атмосфера, уживајќи во богатата понудена трпеза.

Гордана Квајо





# МКД „Илинден“ го прослави 35. роденден

***Во пресрет на големиот јубилеј – 35 години од основањето на МКД „Илинден“, на 10 јануари 2026 година, членовите и нивните гости во голем број се собраа во просториите на Друштвото за да со гордост, песна и спомени го одбележат 13 јануари 1991 година – денот што засекогаш е запишан во историјата и во срцата на сите Илинденци***



Свеченоста беше отворена со песната „Крушево абер пристигна“ во изведба на пејачко-музичката група на МКД „Илинден“, по што со неколку топли зборови за добредојде се обрати претседателката, Ивона Дуноски. Таа им се заблагодари на сите присутни што во толкав број дојдоа да го одбележат и прослават овој најголем и најдраг ден на Илинденци.

Воедно, изрази благодарност до сите ко-финансиери – Република Хрватска, особено Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Приморско-горанската жупанија и Град Риека, кои веќе 35 години ги поддржуваат со мотото: „ДА ГО ПОДМЛАДИМЕ СРЦЕТО НА ИЛИНДЕН!“



## Како може да се чувствува Македонија

„На самиот почеток, дозволете ми, како долгогодишна претседателка на ова здружение, да ви прочитам неколку зборови за тоа како може да се чувствува Македонија и што е МКД „Илинден“, рече Ивона Дуноски и додаде: „да ги имаш 1100 години Св. Наум и неговиот манастир, Св. Климент и Плаошник, 1000 години Бигорски – 300 години пред ренесансата во Европа; да ја имаш Охридската книжевна школа неколку века пред Болоња; да ја имаш Лидија од Македонија, првата христијанка во Европа; да го имаш Галичник со уникатните зографи и ремек-делата на копаничарството; да го имаш „Танец“ со „Тешкото“, „Драчевка“, „Малешевка“, „Калајџиско“ и други ора и песни во ритам 11/8, пред кои светот останува восхитен; да ги имаш најубавите народни носии и шари; да го имаш Делчев со најпрогресивната мисла на овие простори; да ги имаш Мисирков, Рацин, Конески, Петре М. Андреевски, Горан и Влатко Стефановски, Ацо Шопов...

И уште колку многу имаш, мој македонски народе!

Да ги имаш Владо Настески, Михаило Давчевски, Александар Ефремов, Драган Даниловски, Методија Мицковски, Стојан Тодоровски, Славе Груевски, Томислав Кузмановски, Киро Галазовски, Стојан Несторовски, Лазар Фичев, Ајдид Сефедини, Давид Грозданов, Томе Марински, Васил Думов, Истирка Думова, Томе Динов, Бисера Динова, Ѓуро Бачев – како иницијативен одбор за формирање на МКД „Илинден“, и од тогаш уште многу вредни личности чии имиња вечерва не можам сите да ги спомнам, но нашата благодарност за секој миг што го вложиле за да „Илинден“ биде ова што е денес – ќе биде вечна!“

Посебно беа спомнати Илија Христодулов како носител на Друштвото низ сите овие години, како и проф. емеритус Горан Калоѓера, кој има големи заслуги не само за промоцијата на МКД „Илинден“, туку и за афирмацијата на македонската култура воопшто.

## Запишана историјата на македонската заедница

Беа цитирани и неговите зборови за значењето и развојот на Друштвото во кои се истакнува неговата препознатливост во Риека, Хрватска и Македонија, основањето



на повеќе секции, негувањето на мајчиниот јазик, културата и фолклорот, како и плодната соработка со Универзитетот во Риека и Лекторатот по македонски јазик. Посебно беше нагласен придонесот на проф. д-р Васил Тоциновски, како и објавувањето на значајни публикации и зборници за историјата на македонската заедница.

Во рамките на програмата се одржа и свечено примопредавање на вреден музички инструмент, благодарение на Советот за националните малцинства на РХ и музичката куќа „Сабатини“.

На присутните им се обрати и Владо Настески, еден од основачите на Друштвото, по што сите заедно, прегрнати и со испреплетени раце, ги изгасија свеќичките на роденденската торта со желба МКД „Илинден“ вечно да трае.

Гордана Квајо

# Одбележана и Василица

Како и секоја година, по Светата божествена литургија одржана во црквата „Св. Фабијан и Себастијан“, богослужена од отец Дејан Белчовски, во просториите на МКД „Илинден“ се прослави и Старата Нова година според Јулијанскиот календар – Василица. Кумови на годинашната прослава беа семејството Жабоски, по што традиционално се делеше погача со паричка. Паричката оваа година му донесе среќа на Кемал Ризвиќ, член на Друштвото.

По официјалниот дел на свеченоста, со песна, вкусни јадења и слатки подготвени од вредните членки на Друштвото и со неизоставното македонско оро, членовите и нивните гости свечено го прославија својот 35. роденден.



# Струмичани на Риечкиот карневал

Точно напладне на 15 февруари 2026 година, по риечкото Корзо тргна 43. Меѓународна карневалска поворка. Повеќе од 11.000 маски, распоредени во стотина групи, ги претставија своите идеи што ги подготвувале во текот на целата година. Меѓународната карневалска поворка во Риека е единствена по својата живописна комбинација на традиција, креативност и меѓународен дух. Таа ги обединува сите генерации, носејќи радост и забава, и за учесниците и за посетителите.

Годинешната поворка, како место на средба на креативни групи од цела Европа и регионот, уште еднаш ја потврди репутацијата на Риечкиот карневал како најголема карневалска манифестација на Кварнер и пошироко.

Поголемиот дел од карневалските групи што учествуваа во Меѓународната карневалска поворка дојдоа од Приморско-горанската жупанија, но имаше и групи од Италија, Словенија, Србија, Црна Гора, Македонија и други држави, кои ги претставија својата традиција и обичаи. Риечкиот карневал тешко може целосно да се опише или да се долови преку фотографии или телевизиски пренос – Риечкиот карневал треба да се доживее!

Како и неколку претходни години, и оваа година Македонија ја претставија карневалски групи од Струмица. Карневалските групи од средното училиште „Димитар Влахов“ и ОУ „Никола Вапцаров“, со маските „Рајска шума“ и „Лото магија“, достојно ја претставија својата земја и градот од кој доаѓаат, воодушевувајќи илјадници посетители со своите маски и настап.

Г. К.





# Поезијата како идентитет: Раде Силјан претставен во Загреб



*Во чест на двата големи јубилеја на македонскиот поет Раде Силјан, во библиотеката „Богдан Огризовиќ“ се одржа негово свечено книжевно претставување во рамките на манифестацијата „Македонскиот јазик е нашиот идентитет“*



На денот кога пред 86 години е објавена стихозбирката „Бели мугри“ на Кочо Рацин, 25 ноември 2025 година, во загрепската библиотека „Богдан Огризовиќ“ се одржа претставување на познатиот македонски поет Раде Силјан. Настанот беше дел од тридневната културна манифестација „Македонскиот јазик е нашиот идентитет“, што втора година по ред ја организира МКД „Охридски бисер“ под покровителство на Министерството за наука, образование и млади на РХ. Повод беа два големи јубилеја – 75 години од раѓањето на Раде Силјан и 50 години од објавувањето на неговата прва поетска книга.

Пред присутните во полната сала на библиотеката свое обраќање имаа водителката на библиотеката, Јасна Ковачевиќ, Жељка Ненадиќ од Министерството за наука, образование и млади на РХ, Иван Херцег од хрватскиот ПЕН-центар и Хрватското друштво на писатели и македонскиот амбасадор во РХ, Драган Ѓурчевски.

## Инспирација и креативност

Програмата ја водеше Ивана Брезовец, претседателка на МКД „Охридски бисер“ и координаторка на манифестацијата, а за авторот говореа професорите Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Ученици од Првата гимназија во Загреб рецитираа стихови од авторот на македонски и на хрватски јазик, во препев на Борислав Павловски.

Тоа беше вечер исполнета со инспирација, креативност и искрени пораки. Раде Силјан изрази голема благодарност за срдечноста и топлиот прием до организаторите и присутните на настанот, меѓу кои имаше професори, писатели, уметници, новинари, студенти, ученици, членови на македонската заедница и нивни пријатели.

Во ревијалниот дел на програмата настапија учениците од продолжениот престој во ОУ „Владимир Назор“ од Потпиќан, Истра, при што беа претставени традиционален македонски и истарски фолклор, музика и песна.

По свеченото книжевно претставување, учесниците и гостите го посетија седиштето на Заедницата на Македонците во РХ и на МКД „Охридски бисер“, каде што поетот Силјан оствари средба и со најмладите. Притоа, во знак на сеќавање, домаќините на гостите им подарија симболични подароци, книги во издание на ЗМРХ и примероци на списанието „Македонски глас“.

## Културен мозаик

Раде Силјан како поет, критичар, есеист, книжевен истражувач, преведувач и антологичар е еден од најзначајните автори на современата македонска книжевност. Автор е на 23 стихозбирки и добитник на бројни награди и признанија. Носи-



тел е на македонската награда „11 Октомври“ за животно дело.

Во рамките на манифестацијата се одржаа уште неколку работни средби во Загреб. Гостите го посетија македонскиот Културно-информативен центар во Загреб каде што разговараа со директорката Мими Ѓоргоска Илиевска. На Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб беше промовирана колективната монографија „Македонска поетика и стилистика“ подготвена од македонски тим истражувачи.

Монографијата, која ќе биде дел од наставата на факултетот, ја претставија Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски. Притоа, со поетот Раде Силјан оствари средба студентите по македонистика и професорите Борјана Прошев-Оливер и Ивица Баковиќ. Од неодамна за загрепските македонисти се достапни и изборот од поезијата на Силјан, „Лажно време“ и книгата „Книжевната критика за поезијата на Раде Силјан“ што издавачот „Дијалог“ ги објави по повод двата значајни јубилеи.



Со претставувањето на Раде Силјан, МКД „Охридски бисер“ уште еднаш потврди дека македонскиот јазик и книжевност во Загреб живеат и се негуваат како вреден дел од европскиот културен мозаик.

Елизабета Петровска

# Одбележани 22 години од смртта на Борис Трајковски

Македонците од Сплит и Сплитско-далматинската жупанија, и по повеќе од две децении, му оддадоа почит на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски кој го загуби својот живот во авионска несреќа заедно со членовите на неговата делегација и екипажот. И по толку години од авионската несреќа кај Ротимље во близина на Мостар, споменот за претседателот останува жив меѓу нас. Како и секоја година, така и оваа на 26 февруари Македонците од Сплит положија венец на местото на несреќата во знак на почит.

Во овој немил настан светот изгуби значајна политичка личност – човек кој се грижеше не само за својот народ, туку и за мирот и напредокот на сите. Неговата визија беше насочена кон подобар свет, изграден врз вера, надеж и љубов.

Борис Трајковски беше вториот претседател на Република Македонија, на функција од 15 декември 1999 до 26 февруари 2004 година. Роден е во Струмица во 1956 година. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 1980 година, со специјализација во деловно право и работни односи.

На претседателската функција стапи на 15 декември 1999 година, наследувајќи го Киро Глигоров. Во својата политичка кариера остави значаен белег, особено преку ангажманот во ВМРО-ДПМНЕ каде што беше активен во надворешно-политичките односи. Тој активно се вклучи во политиката по независноста на Македонија во 1991 година. Како претседател, беше посветен на демократските вредности и евроатлантската ориентација на државата, а особено значаен е неговиот придонес во надминувањето на кризата во 2001 година.

„Мора да изградиме општество на индивидуи, а не на колективи; општество на граѓани, а не на етнички групи. Моја визија е демократско општество со владеење на правото и слободна пазарна економија, засновано на доверба“, истакнуваше Трајковски.

Иако поминаа 22 години од трагичната несреќа на 26 февруари 2004 година во која претседателот



загина заедно со своите соработници, неговото дело и наследство остануваат трајно врежани. Нека им е вечна слава!

Марта Жаја



# Кога празниците се чувствуваат со срце

Во пресрет на празничните денови, културните и хуманите средби добиваат посебна димензија, тие стануваат живи сведоштва за човечноста, солидарноста и радоста на споделувањето. Празничната атмосфера нѐ потсетува дека токму преку музиката, вниманието и искрената насмевка се градат пријателства меѓу луѓето.



По тој повод, на 11 декември 2025 година, Здружението на лица со церебрална и детска парализа „CeDePe“ во Загреб, по нивна покана, го посетија членови на Советот на МНМ за Град Загреб и на МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Во рамките на нивната божиќна програма настапи пејачката група „Моми бисерни“, која и овој пат ја донесе македонската песна како дар. Под водство на Сафиудин Алимоски ги изведоа познатите народни бисери „Македонско девојче“, „Мамо, кој чука на порти“, „На срце ми лежи, мила мамо“ и „Бело лице љубам јас“, внесувајќи радост и топлина меѓу присутните.

Настапот беше пречекан со искрени аплаузи и видно задоволство на членовите на Здружението, и уште еднаш покажа дека музиката е универзален јазик што допира до секого. Во оваа пригода, МКД „Охридски бисер“ и потпретседателката Виолета Штерјова им подарија симболичен подарок, а за своето учество Друштвото доби благодарница како знак на признание за соработката и поддршката.

Од МКД „Охридски бисер“ упатија искрена благодарност до Здружението „CeDePe“ за поканата и пријатното дружење, со желби за среќни, мирни и весели божиќни и новогодишни празници. Зашто кога песната се споделува со срце, празниците навистина имаат смисла.

Е. П.

# *„Македонска сага“*

Во склоп на овогодишната културна манифестација „Денови на македонскиот филм – од ризницата на македонскиот филм“, која традиционално ја организира МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на 4 декември во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска се прикажа македонскиот игран филм „Македонска сага“ во режија на Бранко Гапо и по сценарио на Симон Дракул.

Филмот го најави претседателката на Друштвото, Ивана Брезовец, која најнапред го претстави Бранко Гапо (1931-2008), како еден од основачите на македонската кинематографија и еден од најпознатите, најплодните и најнаградуваните македонски кино-режисери. Роден во Тетово, уште во раната младост покажал интерес за седмата уметност кога почнал аматерски да се занимава со филмот. Во својата кариера од над 40 години, има реализирано повеќе од 40 документарни и 7 играни филмови, како и драмски, телевизиски и радио-претставиви, за што има добиено и бројни награди и признанија, меѓу кои и наградата „11 Октомври“ за животно дело.



„Македонска сага“ (1993) е заокружување на творечката кариера на Гапо.

Е. П.



# Со песна и погача во новата година

*Во духот на вековната македонска традиција, МКД „Охридски бисер“ од Загреб и годинава ја одбележа Старата Нова година – Василица, според Јулијанскиот календар*

Прославата се одржа во рамките на манифестацијата „Денови на македонската култура“, на 15 јануари 2026 година во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Бројните присутни гости, меѓу кои беа македонскиот амбасадор во Хрватска, Драган Ѓурчевски, Ана Далиповски, претседателка на Центарот за спроведување на интеграцијата на Ромите во РХ и ЕУ, Марта Жаја, претседателка на МКД „Македонија“ од Сплит и други, ги поздрави претседателката на МКД „Охридски бисер“, Ивана Брезовец, која во своето обраќање истакна дека Василица е еден од оние празници што ја чуваат врската со татковината и ја зацврстуваат македонската заедница во дијаспората. Таа нагласи дека преку ваквите манифестации се негува јазикот, обичаите и културното наследство, а младите генерации се учат на значењето на традицијата.

Особено место во прославата имаат старите народни обичаи поврзани со Василица. Централниот обред на вечерта беше кршењето на традиционалната василичарска погача со паричка. Следејќи го стариот адет, погачата подготвена со љубов и умешност од Недка Тркуља, водителката на кулинарската секција при Друштвото, свечено ја прекршија со амбасадорот Ѓурчевски. Паричката годинава ѝ се падна на Маријана Чичек Хусиќ. Атмосферата беше весела и свечена со музика, песна и вкусни македонски специјалитети. Инструменталната секција при МКД „Охридски бисер“ со своите изведби под водство на Сафиудин Алимоски внесе дополнителна радост и празнично расположение меѓу гостите.

Македонците во Загреб ја дочекаа Старата Нова година со верба дека секој нов јануари носи нови успеси, радости и благослов за сите. Зашто Василица е завет и потсетник дека традицијата живее додека ја славиме заедно – таму каде што чука македонското срце.

Елизабета Петровска



# Со љубов за Тихомир Јанчовски

На 12 февруари 2026 година, во рамките на културната манифестација „Денови на македонската култура“, МКД „Охридски бисер“ од Загреб организираше македонска книжевна вечер под наслов „Со љубов за Тихомир Јанчовски“, посветена на ликот и делото на Тихомир Јанчовски, кој неодамна нѐ напушти.

Вечерта се одржа со поддршка на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, во просториите на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и беше исполнета со стих, песна и емоција. Под модераторството на претседателката на Друштвото, Ивана Брезовец, вечерта се одвиваше во свечена и меланхолична атмосфера, во која македонскиот збор одекнуваше како спомен, но и како надеж.

Македонскиот амбасадор во Хрватска, Драган Ѓурчевски, имаше кусо поздравно обраќање пред присутните на настанот.

Поезијата зборуваше на македонски јазик, а тишината меѓу стиховите го носеше споменот. Преку рецитирањето на Јангел Малинов, публиката беше поведена на патување низ чувството што Тихомир Јанчовски го носеше и го преточуваше во збор. Испеаните македонски песни од пејачката група „Моми бисерни“, во придружба на гитарите на Данијел Вуга, Иван Брадиќ и водителот Сафиудин Алимоски, ѝ дадоа на вечерта пријатна уметничка целина.

Тихомир Јанчовски беше современ македонски поет, писател, колумнист и преведувач. Роден е 1967 година во Скопје. Ненадејно почина на 30 јануари 2026 година. Јанчовски, кој беше и професор, музичар и издавач, досега објавил над 30 дела – поезија, романи, преводи и една книга историја. Имал правено и претстави. Во 2024 година по повод 25 години творештво, со Бранислав Николов го создал поетскиот перформанс „Волкот на љубовта“.

Поетите заминуваат, но зборот останува. Оваа книжевна вечер ќе остане запаметена како достоен омаж за човекот што преку поезијата ја даруваше својата мисла на светот. Тихомир Јанчовски замина, но силината што ја остави во стиховите продолжува да живее.

Елизабета Петровска



# Манастирите на Охрид во Дарда

Ликовната секција на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек е меѓу најактивните во Друштвото. Под водство на Ранка Мирковиќ, членовите на секцијата се состануваат редовно, сликаат, се дружат, ама и редовно организираат изложби на своите аматерски творби. Некојпат изложбите се дел од другите настани како што се „Деновите на македонската култура“ или роденденскиот концерт на Друштвото. Но, некојпат се и наменски изложби на годишното творештво на секцијата.

Токму ова се случи во Дарда на 13 декември 2025 година во просториите на СКД „Просвета“, каде што се организираше заедничка изложба на слики на две ликовни работилници, онаа на пододборот на СКД „Просвета“ и на ликовната секција на МКД „Браќа Миладиновци“. На изложбата под наслов „Уметноста што поврзува“ отворена во Културниот центар во Дарда, беше претставена 21 слика на 12 автори во разни техники како што се акрил и масло на платно, креда и јаглен, но и тематски различни.

„Овде се прикажани и ведутите на Осиек, и манастирите на Охрид, барањски пејзажи и мртва природа, Драва и апстракции“, рече организаторката на изложбата, Рада Марковиќ.



Пред МКД „Браќа Миладиновци“ на публиката ѝ се обратија Борис Трајановски, претседател на Друштвото и Ранка Марковиќ, водителка на секцијата, кои ја истакнаа својата радост од соработката со „Просвета“. Настанот го отворија „Бисерчиња“ со неколку рецитации на македонски јазик. На изложбата беа прикажани слики на авторите Гена Анѓел, Ѓина Ќурчија, Сања Дaнојевиќ, Хрвојка Дремпетиќ, Аица Гало, Душка Лизачиќ, Јасминка Пландер, Зорица Шарчевиќ, Горан Златариќ, Ранка Марковиќ, Борис Трајановски и Рада Марковиќ.

J. T.

# Недела на богатството на различностите

### *Македонскиот јазик, обичаи, музика и танци на гости кај осиечките Извидници*

На 26 јануари 2026 година под мотото „Различностите се сила, мирот на нашиот пат“ и во чест на Меѓународниот ден на сеќавањето на жртвите на холокаустот, Клубот на извидниците „Јавор“ од Осиек го одбележа со активности кои беа посветени на толеранцијата, разбирањето и мирот.

Како дел од оваа манифестација беа поканети и членови на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек кои добија свој ден за настап под наслов „Сонцето на дланка: македонска култура“. Тие го претставија македонското народно творештво, но и јазикот и обичаите пред најмладите извидници – ученици од нижите одделенија на основното училиште.



Настанот го отвори Борис Трајановски, претседател на Друштвото, кој ги поздрави присутните и им се заблагодари на членовите на ИК „Јавор“ за поканата и гостопримството. Светлана Павиќ, водителката на детската секција „Бисерчиња“ заедно со најмладите членови на оваа секција пред децата и членовите на извидниците зборуваа за Македонија, нејзините природни и културни богатства и за јазикот, ја објаснуваа разликата помеѓу македонската и хрватската азбука, ги учеа децата нови зборови и рецитираа песнички на македонски. Во делот на традициите, носиите и ората, настапија членовите на фолклорната секција „Танец“, Мирта Гало и Цветан Танасковски, кои зборуваа за спецификите на машките и на женските носии и за македонските ора, а на извидниците и практично им ја прикажаа нивната убавината – децата уживаа во дружењето и научија како да играат македонско оро!

J. T.

# Македонски обичаи за Божиќ

*На 8 јануари 2026 година во МКД „Браќа Миладиновци“ беше полно како во кошница: во рамките на манифестацијата „32. Денови на македонската култура“ се одржа „Божиќна прослава“*



Македонските обичаи се негуваат во Осиек особено за време на традиционалните христијански празници кога се собираат сите секции за да ги одбележат, како сеќавање на татковината.

На 8 јануари 2026 година во МКД „Браќа Миладиновци“ беше полно како во кошница: во рамките на манифестацијата „32. Денови на македонската култура“ се одржа „Божиќна прослава“ за која подготовките започнаа уште утрото. Тогаш членките на етно-кулинарската секција „Везилки“ дојдоа во просториите на Друштвото да ја накитат божиќната елка и да ја украсат божиќната трпеза со божиќни украси и домашни деликатеси.

А трпезата беше преполна за само неколку часа! Како кој доаѓаше во Друштвото од пејачката „Вардарки“ и фолклорната „Танец“, носеше колачиња, кифлички, пити, а не заостанаа ни членовите на инструменталната „Т‘га за југ“. Кога на вратата се појави Зоран Ракас со божиќната погача, го дочека аплауз! На погачата не се чекаше долго: најпрвин најмалите „Бисерчиња“ заедно со наставничката по македонски јазик Маја Јовановски испеаја неколку коледарски и божиќни песни. Потоа децата добија подарок-пакетчиња, па можеше да се подели погачата.

## Паричка и подароци

А таа чест ѝ припадна на најстарата членка на Друштвото.

„Се радувам што и оваа година сум со вас и што можам да ја делам погачата! Нека нѝ е за многу години Божиќ, Христос се роди“, рече Веселинка Стојавиќ, на што Борис Трајановски, претседател на Друштвото, и сите присутни одговорија, „Вистина се роди!“ И секој си зеде парче, ама најсреќна, сепак беше Љерка Лепешиќ кај која се падна паричката!

Но и другите добија подароци: дамите од Друштвото беа наградени со ланчиња со приврзоци на кои беше изгравиран стих од познатата песна на Дадо Топиќ, „Македонија“: „Таму кај што вечно сонце сјае“.

Се заврши весело со песна и македонско оро!

Манифестацијата беше организирана под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Јулијана Тешија





# Црвени и бели мартинки за радост и здравје

Во Осиек, секоја година на иницијатива на Марија Чинчурак, водителка на етно-кулинарската секција „Везилки“, се организира работилница за изработка на мартинки – традиционални плетени белегзии или украси од црвени и бели волнени или памучни конци. Тие се носат во Македонија и соседните земји на почетокот на март, а симболизираат здравје, среќа, плодност и заштита од болести и лоши влијанија, а се носат додека не се види првото пролетно цвеќе или ластовичка.



Оваа година работилницата се одржа на 2 февруари 2026 година во просториите на МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек.

„Нивната бела боја ја симболизира чистотата и долговечноста, а црвената животната сила, здравјето и љубовта. Заедно, тоа се боите на Македонија кои се наоѓаат и во нашите носии, а ние ги изработуваме зашто се дел од културното наследство од особено значење во нашата Македонија“, објасни Марија на почетокот, упатувајќи ги присутните во приготвувањето на мартинките.

На работилницата учествуваа десетина членови на Друштвото и пријатели, а дружењето беше весело и заради еден посебен мал настан: новиот член на „Везилки“, Хрвоје Угљик, беше истиот ден свечено примен меѓу членовите-готвачи и доби прекрасна црвена престилка со логото на МКД „Браќа Миладиновци“.

„Засега сум единствен меѓу жените, ама тоа воопшто не ми пречи. Јас сакам македонската гастрономија и сакам да готвам, значи на вистинското место сум“, радосно рече Хрвоје.

J. T.

# „Приказните од шише“ доплови во Осиек

На 27 февруари 2026 година, во просториите на осиечката книжарница „Нова“ се одржа необична и прекрасна промоција. Во „пристаништето на книгите“, директно од Задар, доплови едно необично „шише“ преполно стихови: тоа беше стихозбирката „Приказни од шише“ на Љиљана Селак Гргиновиќ.

Во организација на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и книжарницата „Нова“, настанот го поздравија Борис Трајановски, претседател на Друштвото, и Ивица Вулетиќ, директор на книжарницата. За прекрасните стихови на авторката зборуваше Сњежана Поточњак, додека стиховите на хрватски и на македонски јазик ги читаа Мира Периќ, актерка и Маја Јовановски, наставничка по македонски јазик.

„Оваа книга беше изворно напишана на хрватски јазик и заради необичен сплет на околности беше неодамна преведена на македонски и тоа во Кочани, а мојата најголема желба беше истата да се претстави, и во Македонија, и во Хрватска“, рече авторката Селак Гргиновиќ, инаку осиечанка со далматинска адреса. Таа пишува и сценарија и драми, а од скоро и поезија – ова е нејзиниот поетски првенец.

„Рецензент и уредник на стихозбирката е Доне Донев и самиот поет, кој во моите стихови препозна вредност и ги преведе“, додаде авторката.

Во музичкиот дел настанот го збогатија „Вардарки“, пејачката секција на МКД „Браќа Миладиновци“, и Марио Хуј, музички педагог и гитарист.

J. T.



# Денови на Кочо Рацин



*„Деновите на Кочо Рацин во Истра“ се одржуваат секоја година, па така и оваа на 5 декември во просториите на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула беше организирана посебна програма*

Присутните ги поздрави претседателката на Друштвото, Милена Златеска и им се заблагодари на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Истарската жупанија и Град Пула за нивната поддршка. Посебен поздрав беше упатен до заменик-градоначалникот на Пула, Вито Паулетиќ, кој им се обрати на присутните со честитки за успешните програми на Друштвото и одржувањето на својата култура.

## Поезија и изложба

За животот и делото на Кочо Рацин зборуваше Орце Стојкоски, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, кој прочита и некои од Рациновите песни. За поставената изложба зборуваше Златеска, која рече дека е посебна и ретка. Тоа беше изложба на слики на народни носии, до кои случајно е дојдено и се дадени само за тој настан.

Следеше настап на фолклорната група на Друштвото, под водство на Драгица Мартиновиќ. Гостите од Црна Гора кои беа дојдени во чест на Кочо Рацин ги претстави Валерио Орлиќ, почесен претседател на Хрватското книжевно друштво од Риека. Потоа се претстави Станка Раѓеновиќ Станојевиќ со својата книга поезија „Латици на лотосот“ и прочита неколку свои песни, а подари и неколку книги на присутните.

Ѓорѓе В. Греговиќ имаше промоција на својата книга раскази „Господови денови“, а тој покрај своето излагање прочита и песни од Кочо Рацин со голема почит и благодарност за гостопримството.



## Песна и оро

За нивното гостување и учество во програмата Златеска, во име на Друштвото, им подари по една слика од Мајкл Клос, кој ги донираше на Друштвото, а на Валерио Орлиќ му врачи благодарница за долгогодишната соработка. Со своја поезија се претставија и Валерио Орлиќ, потоа Милан Пачиќ, Бранка Рожман која читаше црногорски афоризми и други присутни поети. Во името на црногорското национално малцинство се обрати Данило Вујисиќ кој е член на Советот на црногорското национално малцинство за Град Пула, а и мајстор за тетоважи и уметност, така што на Друштвото пред неколку години му подари посебно изработено големо јајце за Велигден, кое стои изложено во просторот на Друштвото и оваа вечер Златеска им го покажа на присутните. Вујисиќ ги поздрави присутните, посебно гостите од Црна Гора и се заблагодари за гостопримството и програмата на МКД.

Беше подготвена и богата трпеза од членовите на Друштвото. Покрај фолклорната секција настапија и хорот и оркестарот на Друштвото, под водство на Зоран Гардашевиќ. Со македонска и истарска песна, оро и истарски балун заврши уште една прекрасна програма на Друштвото.

Михаела Златеска





# „БИДИ И ТИ“

**Промоцијата на меѓународната хуманитарна збирка поезија „Биди и ти“ беше одржана на 13 декември 2025 година, во организација на две здруженија од Загреб – Друштвото на болни од рак на бели дробови „Јетра“ и „КУЛТура сНОВА“**

Во салата на „Матица хрватска“ во Загреб беше одржана промоција на меѓународната хуманитарна збирка поезија „Биди и ти“, во која се застапени песни и од членови на литерарната секција на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула. На промоцијата беа присутни Славица Лончариќ Ѓугум и водителката на литерарната секција и претседателка на Друштвото, Милена Златеска. Промоцијата е дел од проектот „Одорчиќева полица од зборови – Сандра и пријатели од перо“ каде поетите со своите стихови донесуваат утеха и каде е вклучено и донирање на книга за онколошките оддели на хрватските болници.



Програмата ја водеа Барбара Колар, Весна Премер и Зринко Капетниќ, а музички гости беа Стјепан Франетовиќ, Милко Киш, Владимир Георгиев Буги и Мате Гргат. За најдобра песна на збирката беше избрана песната „Poput grmljavine“ од авторката Лили Коци од Сисак.

На присутните им се обратија Здравко Одорчиќ, Сандра Карабатиќ и Димитрије Поповиќ. Меѓу оние кои го поддржаа овој проект со своето присуство беа Златко Даликј, потоа Фран Боровечки, директор на болницата „Ребро“, Ана Љубас, главна медицинска сестра, и Димитрије Поповиќ, кој ја има потпишано насловната страница на оваа збирка.

## Библиотеки на онколошките оддели

Посебна благодарност му беше упатена на Здравко Одорчиќ кој и самиот се бори со рак на бели дробови, а воедно мисли на другите и негова е идејата да се отворат библиотеки на онколошките оддели.



- Пораката на овој ден, со оваа меѓународна збирка на поезија и со отворањето на библиотеки, е дека никој не смее да остане сам, рече на крајот претседателката на друштвото „Јетра“, Сандра Карабатиќ.

Здравко Одорчиќ порача дека членовите на „КУЛТура сНОВА“ се подготвени да доаѓаат на одделите во болниците и да им читаат книги на оние кои не можат сами да читаат и упати апел да се оди на прегледи навреме.

Салата беше исполнета до последната столица, многу поети и поетеси низ своите стихови го опишаа своето искуство со дијагнозата. Некои од нив сами се имаат соочено со болеста, други во семејствата имаат болни или покојни од рак, а некои едноставно дадоа поддршка на сите кои се борат со оваа подмолна болест. Промоцијата на збирката песни „Биди и ти“ помина во пријатна атмосфера и дружење со пациенти, а со поддршка на Министерството за култура на РХ и селекторот на фудбалската репрезентација Далиќ. Заклучок на настанот е дека поезијата треба да има свое место во медицината.

Михаела Златеска



# За она што не се заборава – јазикот, традицијата и културата

Претставничката на македонското национално малцинство во Истарската жупанија, Сашка Соломоновска Јаневска, а воедно и наставничка по Македонски јазик и култура по моделот Ц во ОУ „Центар“ во Пула, организираше средба на жените Македонки кои живеат и работат во Истарската жупанија на 19 декември 2025 година, на верскиот празник Св. Никола. За нејзината 18-годишна работа како наставничка, претседателката на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, Милена Златеска, ѝ даде благодарница. Исто така, благодарница доби и директорката на ОУ „Центар“, Љиљана Глад Рацан.

Дружењето беше одржано во просториите на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула. При разговорот, Сашка рече дека состанокот е посветен на остварување на правата на националните малцинства, со акцент на документацијата, престојот, вработувањето и образованието. Целта беше размена на искуства на лицата кои неодамна се доселени и оние кои веќе долги години живеат и работат во Истра. Во пресрет на божиќните и новогодишните празници на присутните, претставничката покрај честитката, им даде пригодни подароци, како знак на внимание и заедништво.

М. З.



# Обичаи и традиција за Божиќ

Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула го прослави Божиќ во своите простории на 7 јануари 2026 година. Претседателката на Друштвото, Милена Златеска, присутните ги поздрави со една коледарска песна и зборуваше за обичаите и традицијата од својот роден крај за Коледе, коледарите, за Бадник и Божиќ.

За обичаите и традицијата во Истра зборуваше Теодора Витасовиќ, а тие не се разликуваат многу од обичаите кои ги кажа Златеска.

Присутните поети ја збогатија програмата со поезија за Божиќ, како Габриела Давидовска Баниќ, Милена Златеска и други присутни, а оркестарот на Друштвото ги развесели присутните со македонски песни. Членовите на хорот, овој пат малку поинаку, пееја од публиката.

Бадниковата погача не изостана оваа вечер, а ги имаше дури две. Сите кои ги бараа паричките се радуваа – едната паричка му се падна на Трајко Стојкоски, а другата на Луција Шкалиц. Погачите се изедоа со гравчето и останатото посно јадење на преполнатата трпеза. Вечерта заврши со песна и оро, а програмата беше проследена од локалната „ТВ Нова“.

Прославата беше организирана во рамките на „Деновите на македонската култура“ со поддршка на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, Истарската жупанија и Град Пула.

М. З.







# Стара Нова година – Василица

„Деновите на македонската култура“, Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула ги отвори на 7 јануари со прослава на Божик „Традиција и обичаи за Бадник и Божик“, кои продолжија со наредните празници. „Традиционалните народни празници“, рече претседателката на Друштвото, Милена Златеска, „ги славиме секоја година, па така и оваа 2026“.

- Празникот Василица или Стара Нова година по јулијанскиот календар, се слави на 14 јануари и тука го одбележуваме исто онака како што баба ми го славеше со нас дома, рече Златеска.

Таа ги поздрави присутните во свое и во име на Друштвото и им се заблагодари на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, на Истарската жупанија и на Град Пула за нивната поддршка на програмата.

Таа продолжи да ги објаснува обичаите, како Василичарите пеат василичарски песни и како се пали василичарскиот оган. Златеска рече дека во нивниот крај на овој ден се прави притурано, а таа на малку поинаков начин го направи и донесе во Друштвото. Во ова притурано се става паричка па секоја година членовите на Друштвото и пријателите ја бараат паричката и настанува општа веселба во просториите на Друштвото. Минатата година паричката ја најде Драгица Мартиновиќ, водителка на фолклорот, а оваа година таа чест ѝ припадна на Аида Дражиќ, член на хорот на Друштвото. Со настап на секциите беше одбележан и овој ден покрај полната трпеза со традиционални јадења за овој празник, со песна и оро македонско, како и истарски мелос.





# Вино и љубов

„Виното и љубовта се традиција без која народот не може, и не само овој ден“, рече претседателката на Друштво од Пула, Милена Златеска, „туку секој ден треба да постои љубов, а не е лошо и да се залее со малку винце“. Овој празник се празнува на 14 февруари кога во Македонија почнува да се крои лозјето, а истиот датум е и народниот празник Валентиново кој ја симболизира љубовта. За овие два празника, за традицијата и обичаите, зборуваше Златеска, која и ги поздрави присутните. Посебно ја поздрави докторката Олга Ангеловска која беше прва претседателка на Советот на македонското национално малцинство за Град Пула.

Виното и љубовта слеани во стих, го презентираа присутните поети и поетеси. Така свои стихови за љубовта, за виното, за настаните што се случуваат со вино и љубов презентираа Радојка Крамар, Славица Лончариќ Ѓугум, Злата Кукуљ, Милан Пачиќ и Бранка Рожман, која читаше афоризми од познати автори на сатира, со што ги насмеа присутните.

На овој ден се одржа и кратка презентација на книгата на македонски народни песни „Песна низ вековите“ кои долги години ги има собирано, одбрано и приредено Милена Златеска. Таа рече дека книгата се состои од четири книги по четиристотини и нешто страници, што значи песните се на илјада и седумстотини и нешто страници, во кои се застапени македонските песни кои се пееле низ вековите, а се пеат и денес. Првите комплети од книгата Златеска им ги подари на водителот на хорот, Зоран Гардашевиќ и на водителката на фолклорот, Драгица Мартиновиќ, на кои им заблагодари за нивниот вложен труд во Друштвото.

Книгата ја отпечати Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а е финансирана од страна на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Посебен гостин беше Бранислав Симиќ, музичар, кој свиреше на хармоника и ги воодушеви присутните. И овој настан заврши со песна на хорот и оркестарот, со македонско оро и истарски балун. Мултикултурноста го одржува ова Друштво, заедно сме посилни и побогати.

Михаела Златеска

# Божиќ во МКД „Билјана“

***Бројни обичаи за Бадник и Божиќ беа презентирани во Македонското културно друштво „Билјана“ во Задар***

Во рамките на културната манифестација „Денови на македонската култура“ во Задар, а под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, токму на православниот Божиќ се одржа настан кој потсети на македонските обичаи за Бадник и Божиќ.

На почетокот на програмата, претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ, ги поздрави гостите и членовите со зборовите: „Христос се роди“, на кои ѝ одговорија „Навистина се роди“! Таа прво зборуваше за обичаите за Бадник, што и денес се негуваат во Македонија. Во просториите на Друштвото се одеше околу масата со полна корпа овошје, кое го земаа присутните и ја пееја песната „Коледе леде“.

Мајиќ истакна дека овој обичај добро го памти од детството кога одела со деца од улицата каде што живеела и чукале од врата на врата, па домаќините им давале овошје, ситни пари, бомбони и посни колачи. Рече дека во селата се палат огнови од дабово дрво затоа што тоа дрво најмногу држи жар. Овој обичај во поново време се негува и во градовите каде што се собираат соседи, играат околу огнот и пеат божиќни песни.

## Слама, бадникови гранки и погача

Вечерта во куќата се внесуваат слама и дабови гранки и се кити куќата со гранки и елка. Домаќинот ја крши погачата и секој зема по едно парче. Ако некој случајно дојде и почука на врата, домаќинот ја отвора вратата. Гостинот му вели: „Добра вечер Бадник“, а домаќинот му одговара: „Добра вечер Бадник, повели“. И кај кого ќе падне паричката се смета дека ќе биде среќен цела година.

При кршењето на погачата, која што за оваа прилика ја направи Мирјана Мајиќ, паричката се падна кај членката Мимоза Јевремовиќ.

- Сите ѝ посакавме на Мимоза добро здравје и многу среќа во целата година, рече Мајиќ и продожи со обичаите за Божиќ, посочувајќи дека во чест на овој голем христијански празник се подготвува богата трпеза со мрсни јадења.

А и трпезата во Друштвото беше богата, подготвена од членовите на секцијата „Македонска трпеза“. Присутните имаа чест да слушнат неколку македонски песни во изведба на пејачката секција „Билјана“, а членовите на литерарната секција читаа песни посветени на Божиќ.

Со прекрасно дружење и заедничко пеење присутните се разделија со пораката: повторно да се сретнат за Божиќ догодина.







Антонела Галиќ

# Стара Нова година во Задар

Уште еден настан во јануари, поточно на 13, беше организиран годинава во просториите на МКД „Билјана“ во Задар, каде што членовите и гостите ја дочекаа Старата Нова година. На почетокот, претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ, ги поздрави присутните и им посака убаво дружење.

Потоа по стариот обичај се кршеше погача, која за оваа прилика ја направи членката Јелена Петровиќ, која минатата година ја доби паричката па самата изрази желба да ја направи. Погачата беше преубава, а паричката овој пат падна кај поетесата Анка Зекановиќ, која е честа гостинка на програмите што ги организира Друштвото.



Следеше читање на поезија од страна на присутните поети. Најнапред Мирјана Мајиќ го повика Синиша Костелац од Шибеник, кој прочита своја авторска песна посветена на Македонија.

- Посебно е чувството кога слушаш дека некој ја опева твојата земја, рече Мајиќ.

Се редеа песни и поезија. Пејачката секција „Билјана“, меѓу поезијата на гостите Синиша Костелац, Анка Зекановиќ, Зорица Бdevaluate Булјановиќ и Љиљана Лили Селак, настапи со неколку изворни македонски песни. Настапија и членовите на литерарната секција, а поезија читаа Јован Николовски и Мирјана Мајиќ.

По повод Василица и трпезата беше богата, а ја подготвија членовите од секцијата „Македонска трпеза“. Со честитки за среќна Стара Нова година програмата се приведе кон крајот.

Претседателката Мајиќ упати благодарност до ТВ Диадора, која ги бележи настаните на Друштвото и ги презентира во јавноста и, секако, до Советот за националните малцинства на Република Хрватска, без чија финансиска поддршка програмите на МКД „Билјана“ не би биле возможни.

Антонела Галиќ

# Преку вино до љубов

Во рамките на манифестацијата „Денови на македонската култура“, МКД „Билјана“ од Задар на 12 февруари ја реализираше програмата „Преку вино до љубов“, под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

Просторијата беше прекрасно украсена од страна на членовите на етно секцијата „Ѓерѓеф“, а посебно внимание привлече масичката на која традиционално изложуваме предмети поврзани со темата на програмата. Овојпат таа беше украсена со богата корпа полна со овошје, симболичното вино „Т‘га за југ“ и преубави црвени рози кои создадоа топла и романтична атмосфера. Ваквата поставка наиде на голем восхит кај присутните гости.

Настанот помина во пријатно дружење, разговор и споделување убави емоции, потсетувајќи нѐ на силната врска меѓу традицијата, љубовта и македонската култура. Програмата уште еднаш покажа дека културата и заедништвото се најубави кога се споделуваат со пријатели и љубители на македонската традиција.

Освен членовите на книжевната секција „Записи со љубов“, кои со своите стихови ја збогатија вечерта, поезија читаа и гостите поети од Задар. Со своето присуство и поетски израз на настанот му дадоа посебна убавина Емилија Мијатовиќ, Лили Селак, Слободан Репак, Анка Зекановиќ, Илија Балта и Зорица Буљановиќ, која освен своја поезија читаше и песни од Марија Ивош.

Секој од нив се претстави со поезија исполнета со емоции, љубов и животни размисли создавајќи топла и инспиративна атмосфера меѓу присутните. Особено внимание, како и секогаш, привлече Илија Балта, кој повторно нѐ изненади со нова песна посветена на Македонија. Неговите стихови, исполнети со искрена почит и љубов кон македонската земја и култура, беа поздравени со голем аплауз од публиката.

Поетските читања придонесоа вечерта да биде исполнета со убав збор, емоција и пријателство, уште еднаш потврдувајќи дека поезијата е мост кој ги поврзува луѓето, културите и народите.

Антонела Галиќ



# Зачувување на мајчиниот јазик

Во рамките на „Деновите на македонската култура“ во Задар годинава беше одбележан 21 февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик. МКД „Билјана“ достојно го одбележа овој празник кој ја истакнува важноста на зачувувањето, негувањето и почитувањето на мајчините јазици ширум светот.

На оваа средба членовите на Друштвото разговараа за значењето на јазиците како дел од идентитетот, културата и традицијата. Посебно беше истакната важноста македонскиот јазик да се негува и пренесува на помладите генерации, особено меѓу Македонците кои живеат надвор од татковината.

Преку дружење, разговор и заедничко потсетување на богатството на јазикот и културното наследство, присутните ја изразија својата љубов и почит кон мајчиниот јазик. Мирјана Мајиќ, претседателка на Друштвото, прочита една своја песна на македонски јазик, Мелика Поповиќ читаше на чакавштина – невиѓански говор, Мајда Радовиќ на словенски јазик, Јован Николовски на македонски јазик, Зорица Буљановиќ на хрватски јазик. Пејачката секција на Друштвото испеа неколку македонски песни.

Ваквите активности се уште една потврда дека македонската заедница во Задар активно работи на зачувување на својот јазик, традиција и културен идентитет, благодарение на поддршката од Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

МКД „Билјана“ и во иднина ќе продолжи да организира вакви и слични настани, со цел да се негува македонскиот јазик и да се зајакне заедништвото меѓу членовите на македонската заедница, но и со пријателите и гостите.

А. Г.





# Мартинки за среќа

Во дводневната етно работилница организирана од секцијата „Ѓерѓеф“ при МКД „Билјана“ од Задар, на 26 и 27 февруари, членовите изработуваа мартинки за среќа. Фокусирани на она што го запаметиле во детството и младоста, изработуваа мартинки за на рака, за ревери и плетенки.

Првиот ден активностите ги проследи и ТВ Диадора, која на јавноста ѝ пренесе како и зошто се прават мартинки.

- Сè им објаснивме, дека мартинките се ставаат на ревери или како белегзија на раката, а обично белегзиите им се ставаат на постарите луѓе и на децата. Мартинките за среќа се бесат и на гранките од овошјето, како и на шталите кај стоката. Се верува дека носат среќа, рече Мирјана Мајиќ, претседателка на Друштвото.

Додека членовите изработуваа мартинки со црвена и бела волница, седнати околу масата пееја и песни. На крајот сите еден на друг си ставија мартинки.

А. Г.



# Штросмаер и Тоше

По учеството во програмата на „Денот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска“, одржана во Осиек на 8 ноември 2025 година, членовите на Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула вториот ден го разгледаа Осиек. Потоа се упатија кон Ѓаково на разгледување на градот, а посебно на катедралата „Св. Петар“, чиј покровител за градење бил Јосип Јурај Штросмаер, позната по посебните фрески, крипти и со неговата гробница, а и со единствената архитектура.

Во чест на помошта на Штросмаер во печатењето на Зборникот на народни песни на браќата Миладиновци, членовите на Друштвото од Пула, заедно со членови на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и МКД „Билјана“ од Задар оддадоа почит на неговото вечно почивалиште.

Исто така, тие истиот ден на 9 ноември, се поклонија и запалија свеќи во знак на почит пред бистата на незаборавниот македонски пејач Тоше Проески во Нова Градишка.

М. З.



# Културен мозаик

***Од 12 до 14 декември 2025 година, Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит оствари значајна културна посета и настап во Бјеловар, на покана на „Чешка беседа Бјеловар“, во рамките на манифестацијата „Вечер на националните малцинства“***





Ова гостување претставуваше значајна можност за афирмација и промоција на македонската култура, традиција и обичаи, како и за зајакнување на соработката меѓу националните малцинства во Република Хрватска.

Во текот на првиот ден, членовите на МКД „Македонија“ имаа можност да ја претстават македонската култура во просториите на „Чешка беседа Бјеловар“ со изведба на неколку македонски традиционални песни и ора, а истовремено преку изложба на традиционални македонски народни носии, промотивни материјали и непосредни разговори со домаќините беше претставено богатото македонско културно наследство. Овој дел од посетата помина во пријателска атмосфера, исполнета со дружење и размена на искуства.

Централниот настан на посетата беше концертната вечер „Вечер на националните малцинства“, на која МКД „Македонија“ од Сплит имаше свој забележителен настап. Хорот на Друштвото се претстави со изведба на традиционалните македонски песни „Елено ќерко“ и „На срце ми лежи“, додека фолклорната група „Македонија“ настапи со орото „Пиринско пролетно оро“. Настапите беа дочекани со силен аплауз и големо воодушевување од публиката, која со внимание и почит ги следеше македонската песна и оро.

## Размена на искуство

По концертната програма, вечерта продолжи со свечена гастро-вечера, на која беа презентирани автентични македонски специјалитети: гравче на тавче, баклава, пинџур, пита, сирење, ајвар, како и традиционалните пијалаци мастика и ракија. Преку гастрономијата, присутните имаа можност дополнително да се запознаат со македонската традиција.

Во наредните денови од посетата дружењето продолжи со неформални средби и размена на искуства меѓу членовите на МКД „Македонија“ и „Чешка беседа Бјеловар“. Во пријатна атмосфера се разговараше за активностите на друштвата, нивната работа и можностите за идни заеднички проекти. Настапот и престојот на МКД „Македонија“ од Сплит во Бјеловар поминаа во исклучително позитивна и пријателска атмосфера и оставија силен впечаток кај домаќините и публиката. Оваа посета уште еднаш го потврди значењето на културната размена и соработката меѓу националните малцинства, како и важната улога на македонската култура во мултикултурниот мозаик на Република Хрватска. Посетата беше овозможена со финансиска поддршка од Советот за националните малцинства на Република Хрватска и Град Сплит.

Марта Жаја





# ПЕСНА НИЗ ВЕКОВИТЕ

*Со оваа збирка се потврдува непроценливата вредност на македонската народна песна и скапоценоста на културното богатство на македонскиот фолклор и на македонското народно творештво*

Пред крајот на 2025 година излезе од печат вредно дело на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Со финансиска поддршка на Советот за националните малцинства на Република Хрватска и на Истарската жупанија, авторката Милена Златеска приреди збирка на македонски народни песни со назив „Песна низ вековите“.

Збирката е поделена во четири книги и содржи околу 1380 песни со различни теми и мотиви. Проф. д-р Васил Тоциновски за делото ќе запише: „Песната е легитимација, документ за колективното македонско меморирање на мајчиниот македонски јазик, за обединувањето на зборот, времето и просторот во еден симбол на сопственото јас. Така македонската народна песна низ вековите се возвишувала како химна на македонскиот народ до денешни дни со творбите на Александар Сариевски, Јонче Христовски, Миле Барбаровски и многу, многу други. Тие се душа и срце, тие се мисла и смисла, вера и надеж, песни со кои се чекори кон остварување на потајните љубов, вера и надеж до предизвиците на иднината.“




## Траен запис

„Четиритомната збирка на народни песни „Песна низ вековите“ собрана и подготвена од Милена Златеска претставува најново монументално дело од овој вид во областа на македонската народна книжевност. Со оваа збирка се потврдува непроценливата вредност на македонската народна песна и скапоценоста на културното богатство на македонскиот фолклор и на македонското народно творештво. Збирката песни „Песна низ вековите“ како траен запис, непресушен извор на македонската народна традиција на пеење, собирање и запишување на народните песни, остава белег од огромна вредност во современата македонска книжевност. Ова збирка песни ја потврдува неизмерната љубов на Златеска кон родното огниште и нејзината неуморната работа како собирачка и уредничка на оваа збирка песни, претставничка на македонската дијаспора во Пула во Истарската жупанија, културен деец, кој неуморно работи на полето на постојано промовирање на македонската културна традиција“, во својата рецензија нагласува проф. д-р Катерина Видова.

Самата авторка во предговорот емотивно истакнува дека книгата не е создадена само да се исполни нејзиното срце, туку да им послужи на сите Македонски културни друштва кои се членови на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, бидејќи ги негуваат македонската песна, традиција и обичаи, и голем дел од песните секојдневно ги пеат и ќе ги пеат.

Елизабета Петровска

# Се зголемува бројот на ученици кои учат македонски јазик во Хрватска

*Во ОУ „Стрмец“ во Света Недела, Загрепска жупанија, од февруари е воведена настава по Македонски јазик и култура*



Во Република Хрватска продолжува позитивниот тренд на афирмација и негување на македонскиот јазик и култура. Во уште едно основно училиште е воведена настава по Македонски јазик и култура, овојпат во градот Света Недела, во Основното училиште „Стрмец“, Загрепска жупанија.

Свеченото отворање на наставата се одржа во февруари, а меѓу присутните беа македонскиот амбасадор во Хрватска, Драган Ѓурчевски, градоначалникот на градот Света Недела, Дарио Зуровец, заменик-градоначалникот, Марио Пешеничњак, директорот на училиштето, Звонимир Маркиќ, началникот на секторот за образование на јазикот и писмото на националните малцинства при Министерството за наука, образование и млади, Милан Вукелиќ, директорката на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб, Мими Ѓоргоска Илиевска, како и наставници и ученици.

Наставата по Македонски јазик и култура во ОУ „Стрмец“ ќе ја изведува Ивана Брезовец.

Инаку, наставата по македонски јазик и култура во Хрватска започна пред повеќе од 20 години, со отворањето на првото училиште во Загреб во ОУ „Никола Тесла“, под водство на наставничката Деспина Белчовска Велинска. Овој проект со текот на времето значително се проширил и денес успешно се реализира во повеќе градови во осум основни и три средни училишта.

Покрај Загреб, настава по македонски јазик и култура се изведува и во Риека, Сплит, Пула, Осиек и Дуго Село, што претставува уште еден доказ за континуираната поддршка и грижа за зачувување на македонскиот јазик и културен идентитет меѓу младите генерации. Од 2025 година е во употреба и „Курикулумот за македонски јазик и култура“ по кој се изведува наставата и тоа во три домени: „Разбирам, говорам и пишувам“, „Читам и творам“ и „Јас сум – традиција и култура“.

Со воведувањето на оваа програма во Света Недела, уште повеќе се зајакнува меѓукултурниот дијалог и соработката меѓу Македонија и Хрватска, како и посветеноста кон почитување и поддршка на националните малцинства во образовниот систем.

М. Г.

## „Приказната за Силјан“

Новиот, трет, документарен филм „Приказната за Силјан“ на македонската режисерка Тамара Котевска (Прилеп, 1993), во продукција на „Конкордија“, раскажува за македонскиот земјоделец Никола кој, скршен од животните и економските околности, вдомува и лекува ранет штрк, именувајќи го Силјан, по ликот од народната легенда за момчето кое било проколнато од неговиот гневен татко и претворено во штрк кога сакало да го напушти домот и да избега од тешката работа на земјата. Додека Никола се грижи за штркот, помеѓу нив се создава длабока и нераскинлива врска.



Овој емоционален лирски документарец, воедно и македонски кандидат за наградата Оскар за најдобар интернационален филм од неанглиско говорно подрачје, беше прикажан на 5 декември 2025 година во рамките на „23. Филмски фестивал за човекови права“ во загрепската Кинотека. Филмот го проследија и ученици кои учат Македонски јазик и култура во Загреб.

Е. П.

## Вечер на фолклорот во КУД „Заметски корен“

Големото фолклорно собирање по повод 32. Денови на „Заметски корен“, традиционална годишна манифестација, се одржа на 7 декември 2025 година во Домот на културата Горни Замет во ресторанот „Морчиќ“.

КУД „Заметски корен“ е основано во 1922 година како тамбурашки оркестар и пејачки хор. Денес Друштвото дејствува преку тамбурашки оркестар, составен од ученици од основни и средни училишта, студенти, пензионери и вработени од различни професии.

На годинашниот фолклорен спектакл, покрај домаќините и организаторите, веќе споменатиот „Корен“, настапија и КУД „Звир“ – Јелење, Чешка Беседа – Риека, РКУД „Рудар“ – Раша, Матица словачка – Риека, „Приморски Хрват“ – Риека, како и МКД „Илинден“.

И овој пат, членовите на пејачко-музичката и фолклорната група на МКД „Илинден“, со своите изведби на традиционални македонски песни и ора, ја воодушевија бројната публика.

Г. К.



# Блиц вести од културата



На 11 ноември 2025 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб пред голем број присутни беше отворена изложбата „Со и без“ на Марија Сотировска Богдановска од Скопје. Изложбата е интерактивна инсталација што инсистира на активен гледач и учесник во релација со аспектите на рутината на дневниците и архивите кои нè соочуваат со поголемите универзални проблеми на родовата нееднаквост и економската зависност. Изложбата нуди плодна почва за феминистичко-теоретска интерпретација, особено што се осврнува на често невидливите и потценети аспекти на трудот, финансиски и емоционални, кои ги погодуваат жените во сè уште патријархално доминантните семејства на Балканот.



На 19 ноември 2025 година во Општинскиот дом во Шибице во Запрешиќ, во организација на претставничката на македонското национално малцинство во Загрепската жупанија, Лена Ѓапиќ и Хрватско-македонското друштво од Загреб, и со поддршка на Град Запрешиќ, се одржа „5. Македонска вечер“.

Прославата привлече бројни гости кои можеа да ги разгледаат изложбата посветена на македонската традиција и македонското книжевно катче, да пробаат вкусни македонски јадења, десерти и пијалаци, да уживаат во настапот на женскиот вокален етно состав „Езерки“ и во пријатна атмосфера да се забавуваат со македонска музика, песни и ора.



Во рамките на меѓународната книжевна размена помеѓу Хрватското друштво на писатели и „ПНВ Публикации“, во библиотеката „Марија Јуриќ Загорка“ во Загреб, на 24 ноември 2025 година беше претставена младата македонска поетеса Гала Матевска. Разговорот со авторката на стихозбирката „Во цутот на мекоста“ го водеше Иван Херцег, поет, писател и книжевен критичар, а преведуваше Славомира Рибарова.

Гала Матевска (1995, Скопје) отсекогаш имала интерес за креативно изразување, а од свои 16 години пишува поезија. Се инспирира од чувствата, од природата и од длабочината на меѓучовечките односи. Во 2025 година ја објави својата прва стихозбирка „Во цутот на мекоста“ во издание на „ПНВ Публикации“ од Скопје. Лауреат е на наградата „Енхалон“ за најдобра песна прочитана од млад автор на „64. Струшки вечери на поезијата“.



На 3 декември 2025 година во Народното отворено училиште „Св. Иван Зелина“ во галеријата „Кралуш“ беше отворена изложба на цртежи, колажи и инсталации „Странецот (Коментари за дотраениот свет)“ од македонскиот академски уметник Крунислав Стојановски. Хрватскиот новинар и писател Маријан Гракалиќ за изложбата ќе каже: „Циклусот цртежи на Камиевиот „Странец“ во портретно сивило на експресионистичка редукција од сликарот Крунислав Стојановски сведочи за исчезнувањето или прекинот на кохерентноста помеѓу урбаното и егзистенцијалното.

Елизабета Петровска





# Почеток на Великиот пост – Прочка

***На 22 февруари, оваа година го празнуваме прекрасниот празник на прошката – Прочка. Овој ден има особено значење во нашиот духовен живот затоа што нè потсетува на нешто многу важно: дека без прошка нема вистински мир во срцето, ниту пак вистинска љубов меѓу луѓето***



Загреб

Во текот на животот сите ние правиме грешки. Понекогаш тоа се случува со збор, понекогаш со постапка, а понекогаш и со нашето молчење. Секој човек понекогаш повредува некого, но и самиот бива повреден. Затоа овој ден е посебен – нè повикува да ги надминеме нашите слабости и да се помириме еден со друг.

Кога човек ќе каже „прости ми“, тој покажува смиреност. Тоа значи дека ја признава својата грешка и има храброст да побара прошка. Во денешниот свет, каде што често владее гордоста, ова е голема доблест.

## Љубов, милост и прошка

Но исто толку важно е и да се прости. Понекогаш е тешко да се прости, особено кога сме биле длабоко повредени. Нашата гордост ни вели дека не треба да простиме, дека треба да ја чуваме навредата во себе.



Загреб

Но тогаш треба да се сетиме на примерот на нашиот Господ Исус Христос, кој нè учи на љубов, милост и прошка.

Христос ни покажува дека вистинската сила на човекот не е во одмаздата, туку во љубовта. Кога простуваме, ние ја победуваме омразата. Кога простуваме, ние го ослободуваме срцето од тежината на гневот. Омразата и лутината се тежок товар што човек го носи во душата. Тие го прават срцето немирно и ја оддалечуваат радоста од нашиот живот. Но кога ќе простиме, душата станува полесна, а срцето повторно се исполнува со мир.

Празникот Прочка нè повикува токму на тоа – да ги оставиме зад себе навредите и караниците. Да се помириме со оние со кои сме се оддалечиле. Да им подадеме рака на оние со кои сме се скарале.

## Пост

Овој ден е и подготовка за времето на постот. Постот не е само воздржување од храна. Тој е пред сè духовна промена – очистување на нашето срце од гнев, завист и гордост. А вистински пост не може да започне ако во срцето носиме лутина кон некого.

Затоа Црквата нè учи дека пред



Риека

да започнеме со постот, треба да се помириме со ближните. Ако сакаме Бог да ни прости, и ние треба да им простиме на другите. Да го искористиме овој ден како можност за нов почеток. Ако има некој со кого долго време не разговараме, денес е вистинскиот ден да направиме чекор кон помирување. Ако сме повределе некого, денес е денот да побараме прошка. Ако некој нè повредил, денес е денот да простиме.

Понекогаш е доволен само еден збор за да се врати мирот. Едно искрено „прости ми“ може да отвори затворени срца и да донесе радост таму каде што имало тага. Нека овој празник донесе мир во нашите срца. Нека нè поттикне да живееме со повеќе љубов, повеќе трпение и повеќе разбирање еден кон друг.

И затоа, во духот на овој свет ден, да си кажеме искрено еден на друг: „Прости ми“. А да одговориме со љубов: „Простено да ти е, и од мене и од Бога.“ Амин.

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство Митрополитот наш Европски, по Богослужбата за Прочка, во МПЦО „Св. Злата Мегленска“ во Загреб се одржа Редовно годишно собрание, а во МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“ во Риека, Редовно годишно изборно собрание. Голема благодарност на досегашните членови и искрени честитки за новоизбраните.

Протојереј-ставрофор
Кирко Велински

# Работата на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“

Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски“ од Пула, овогодишната работа ја започна со богослужба за Божик на 7 јануари, а ја продолжи со низа богослужби кои годинава ќе бидат почести. Причината за тоа е што отец Дејан Белчовски отсега ќе доаѓа почесто како парохиски свештеник за Истарската и Приморско-горанската жупанија, со седиште во Риека.

По предлог на претседателот на МПЦО, Глигор Чамовски, на 17 јануари за првпат беше организирана „Македонска вечер“ по повод верскиот празник Василица. Настанот беше реализиран во име на МПЦО „Св. Јоаким Осоговски“, а во соработка со Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, претставникот на Истарската жупанија и МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула. „Македонската вечер“ се одржа во Домот на хрватските бранители, со богата томбола и македонска музика. Преполната сала ја подигна на нозе македонската пејачка Ивана Наумова, создавајќи прекрасна и незаборавна атмосфера.

На 1 февруари, во црквата „Св. Фрањо“ во Пула, беше одржана Света литургија по повод Неделата на митарот и фарисејот. Во својата порака, отец Дејан истакна: „Во светлината на покајанието и смирението, кога Црквата нè повикува да го отвориме срцето кон милоста Божја, ве повикуваме да се соединиме во заедничка молитва и благодарност кон Господ“.

## Годишно собрание

На истиот ден се одржа и Редовното годишно собрание на МПЦО. По Господовата молитва, седницата ја отвори и ја водеше отец Дејан. Согласно дневниот ред, за работата на МПЦО говореа отец Дејан и претседателот Глигор Чамовски, додека финансискиот извештај подетално го образложи благајникот Игор Јаневски. За планот и програмата за 2026 година, кои се поднесуваат до Град Пула, неколку зборови кажа секретарката на МПЦО, Милена Златеска. Со благодарност кон Господ, отец Дејан во мир го заврши Собранието, по што следеше пријателско дружење на верниците.

Света литургија беше одржана и на 14 февруари по повод Задушница, кога верниците заедно со отец Дејан во молитва ги споменаа своите покојни. Исто така, без молитва не помина ни Тодоровата сабота на 28 февруари, кога Богослужбата во црквата „Св. Фрањо“ ја предводеше отец Дејан Белчовски. Како што беше најавено, богослужбите ќе бидат почести, а отец Дејан сè повеќе присутен меѓу верниот народ.

Покладите беа одбележани во просториите на МПЦО, каде што верниците дојдоа да запалат свеќи, да се помолат и да си побараат прошка едни од други. Со подадена рака, во мир, слога и молитва кон Господ го поминаа и овој значаен ден.

Михаела Златеска





# Задушница во Риека

Со светлината на запалените свеќи и мирисот на темјан, на 14 февруари 2026 година, во молитва за душите на своите починати, во црквата „Св. Фабијан и Себастијан“ се собраа верниците на МПЦО „Св. цар Константин и царица Елена“ на богослужба за задушница што ја предводеше парохискиот свештеник отец Дејан Белчовски.

Со палење свеќи, пченица и вино, отец Белчовски во молитва и со зборови исполнети со љубов и почит, читајќи ги имињата, нè потсети на сите наши драги покојни. На крајот од богослужбата упати молитва за здравје на сите присутни, како и на оние што се далеку, но блиску во нашите срца и молитви.

Г. К.



# „Мечтаење помеѓу празното и празнината“



Во рамките на одбележувањето на денот на Св. Климент Охридски, на 8 декември 2025 година во македонскиот Културно-информативен центар во Загреб се одржа мултимедијалниот проект „Мечтаење помеѓу празното и празнината“, солистички концерт на авторска музика на Билјана Петровска (соло пијано) и сценска визуелна инсталација на Марина Цветановска Мартиновска.

Е. П

# Изложба на слики „Допир на светови“ од Сашо Георгиевски

Во Шибеник, во рамките на „Деновите на македонската култура“, од 2 до 8 декември 2025 година беше поставена изложба на слики „Допир на светови“ од Сашо Георгиевски. На отворањето присуствуваа многубројни граѓани и личности од хрватскиот (шибенскиот) естаблишмент. Посебно е поздравена ликовната рецензија што ја напиша реномираниот македонски писател Томислав Османли.

„Треба да се има на ум целото богатство на еден визионер на световите во допир кога се гледаат неговите слики во комбинирана техника, форми и колорити, раскошниот свет на Сашо Георгиевски, кој во оваа прилика ни ги подарува на препознавање своите интимни, но и универзални уметнички визии од повеќе периоди на едно богато слоевито наследство, искуство и живот“, напиша меѓу другото Османли во рецензијата.



Честитки по повод изложбата упатија Иво Јосиповиќ, Јадранка Косор, Стипе Месиќ, Златко Крамариќ, Зоран Димитровски, Милаим Фетаи, Здравко Зима, Љупчо Арсовски и други.



Организатор на настанот е „Хрватско-македонската тангента“, со покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска.

М. Г.

# Меѓународен ден на мајчиниот јазик

И празникот „Ден на мајчиниот јазик“ МКД на ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула го прослави како дел од „Деновите на македонската култура“ на 20 февруари во своите простории. Беше речено дека најлошото е тоа што оди кон изумирање на малите јазици меѓу кои се македонскиот и хрватскиот. На оваа тема зборуваше претседателката на Друштвото, Милена Златеска.



Таа ги поздрави претставниците на националните малцинства кои читаа на својот мајчин јазик. Присутна беше и претседателката на Советот на бошњачкото национално малцинство за Град Пула, Алмира Раимовиќ. Хелена Петрановиќ читаше на свој мајчин унгарски јазик, Славица Лончариќ Гугум на стандарден хрватски, а на истарски дијалекти читаше Радојка Крамар. Бошњачкото национално малцинство го претстави Асја Кахримановиќ, која читаше песни од познати бошњачки автори. Од познати црногорски автори читаше Бранка Рожман. Луција Шкалиц читаше своја песна на хрватски, а македонскиот јазик со свои песни го презентираше Милена Златеска. Стиховите на присутните поетеси беа проследени со песните на покојниот Тоше Проески.

М. З

КУЛТУРА

## *ВИДОВИ ПРЕДМЕТ*

*(IV дел)*

**Удвојувањето на индиректниот објект се врши во следниве случаи:**

- со долгите форми од личните заменки и од повратната заменка: – *Зарем **мене** да **ми** се случи тоа, мене, мене, мене?*; – ***Нему** наеднаш **му** се разбистри умот.* (О. Николова); – ***Тебе ти** зборувам.* (Ј. Бошковски).
- со членувани именки или именски групи: – *Како ќе **му** излезам на очи **на детено мое?*** (Ј. Бошковски); – *Војникот **му** врза една тешка шлаканица **на момчето**.* (П. М. Андреевски).
- со показни заменки, кои можат да се јават и самостојно и со именка: – *Во него почна да нараствува свесна желба да **му** се предава **на она** што го владее телото.* (Ј. Бошковски); – ***Му** веруваш **на овој шут** уплашен.* (П. М. Андреевски).
- со лични и географски имиња: – *Згора на тоа уште и ќе се лути н ќе **му** вика на **Јошета**.* (П. М. Андреевски); – *Ќе **ѝ** го кажете ли тоа на **Смилка**?* (О. Николова).
- со прашални и со односни заменки: – ***Кому му** зборуваш?*; – *Стефан, **кому му** здодеа да слуша, ги прекина во озборувањето*.

Примери со удвојување и без него среќаваме во следниве случаи:

- со именски групи со еден почесто е удвојувањето: – ***Му** кажав **на еден човек***. (Бл. Конески); – ***Му** пристапив **на едно навистина привлечно момче.*** (од печатот).
- со именски групи со неопределените заменски зборови: –*Ќе ме тера **некому** да **му** ги пасам воловите.* (П. М. Андреевски); – *После **некому** можеби **му** текна.*; – *Тој се закани **некому***. (Ј. Бошковски).
- Слична е состојбата и со општите и со одречните заменски зборови употребени како индиректен објект, понекогаш и со именки: – ***Никому** лошо не **му** мислим.* (Ј. Бошковски); – ***Никому** не **му** дава да се доискаже.* (П. М. Андреевски).



Лидија Георгиева

*Постојан судски преведувач од македонски на хрватски јазик и обратно*





*PREVODITELJI I SUDSKI TUMAČI ZA MAKEDONSKI, BUGARSKI, UKRAJINSKI, ENGLESKI, NJEMAČKI, SLOVENSKI, TALIJANSKI, FRANCUSKI I OSTALE JEZIKE*

*Stručni i kvalitetni prijevodi s područja prava, gospodarstva, medicine, farmacije, religije, arhitekture, gradevine, strojarstva.*

*OBRATITE NAM SE S POVJERENJEM!*

# Фестивал на современата македонска книжевност

Во организација на македонскиот Културно-информативен центар во Загреб и во соработка со македонското Друштво за издавачка дејност „Македоника литера“, во периодот од 5 до 7 ноември 2025 година се одржа првото издание на Фестивалот на современата македонска книжевност. Фестивалот ја покажува важноста на книжевниот превод како уметнички и творечки чин и како поттик за книжевна размена и културен дијалог. На отворањето беа промовирани хрватските изданија на книгите „Сезона на глуварките“ од Блаже Миневски и „Чувар на тајната“ од Ранко Младеноски.





Беше отворена изложба на книги од хрватски автори преведени на македонски јазик, објавени од „Македоника литера“, која досега има публикувано близу 50 наслови од хрватската книжевност.

Во рамките на Фестивалот, вториот ден беше одржана трибината „Македонско-хрватски културни врски низ призмата на книжевниот превод“. Учествуваа еминентни македонски и хрватски автори, преведувачи, издавачи и професори од катедрата за јужнословенски јазици и книжевности при Филозофскиот факултет во Загреб: Нове Цветаноски, Ивица Баковиќ, Борјана Прошев-Оливер, Драго Гламузина, Жарко Милениќ, Дамир Каракаш, Роберт Перишиќ, Ивица Пртењача, Лука Вукушиќ, Томислав Ровичанац, Ранко Младеноски, Блаже Миневски и Владимир Илиевски. Се одржаа и две промоции на книги: книгата раскази „Ви раскажував ли?“ од проф. д-р Борјана Прошев-Оливер и изданијата: К. Рацин: „Бели мугри“ – фототипно издание, и македонското издание на книгата на академик Горан Калоѓера: „Поглед отстрана. Рацин (1908-1943)“. На завршната вечер од Фестивалот беа претставени македонските изданија на книгите за тинејџери од водечките хрватски писателки за деца, романите „За мајките сè најдобро“ од Сања Пилиќ и „Ванда“ од Силвија Шесто, во издание на „Македоника литера“.

Е. П.

ZAUMPRIJEVODI

TOŠE ili TOSHE?
BLAŽE ili BLAZHE?
*Prijevod osobnih dokumenata s makedonskog jezika za boravak i rad u RH, uz transliteraciju osobnih podataka*

engleski **njemački** arapski
***makedonski*** srpski bosanski
Maksimirska cesta 40
Zagreb 10000
Pon-Pet 09.00 -17.00 h
Mob: 095/5969-047 (WA, Viber)
E-pošta: zaum.prijevodi@gmail.com

# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



## Брза пита со сирење

**Потребно е:** 1/2 кг готови кори, 4 јајца, 200 г бело тврдо сирење, 100 мл масло, 200 мл павлака за варење, 1 чаша јогурт (180 мл) и 1 чаша млеко.

**Подготовка:** Две кори се тргаат на страна, а останатите додека се уште завиткани во ролна, се сечат со нож во ширина од околу 2 сантиметри за да се формираат ленти. Потоа во подлабок сад се ставаат јајцата и се матат со јогуртот, млекото и маслото. Во смесата се додава издробено белото сирење (може и урда) и лентите се топат во смесата околу 2 минути. Потоа во тавче за печење намачкано со масло се става едната кора, се додаваат натопените ленти па се завршува со уште една кора одозгора за да се покрие смесата. Се пече во загреана рерна околу 20 минути. Потоа се додава павлаката за варење, па питата повторно се враќа во рерна уште 5 минути.

## Селско месо

**Потребно е:** 1/2 кг мешано мелено месо, 1/2 кг свинско месо, 1/2 килограм телешко месо, 1 конзерва печурки, 5-6 свежи печурки, 1 супа од печурки (кеса), 200 мл бело вино, 2 листа ловор, оригано, 1 чаша кисела павлака, црн пипер, 1 лажичка мелен црвен пипер, малку минерална вода, 1 лажичка лебни трошки (презла), лук, сол, магдонос и масло.

**Подготовка:** Во меленото месо се додаваат 2 чешнења лук, сечкан магдонос, малку сол, лебни трошки и минерална вода, па се формираат топчиња кои се пржат на тава со масло. Откако ќе се испржат се ставаат во подлабок сад (тенџере или длабока земјена тава). Потоа се цедат печурките и се додаваат во тавата каде што се пржеле топчињата, се додаваат и свежите печурки, се пржат кратко време па се вадат од тавата и се додаваат кај топчињата. Во тавата за пржење се додава свинското месо сечено на коцки, а по 10-тина минути се додава и телешкото месо, исто така сечено на коцки. Додека свинското и телешкото месо се пржат, постојано му се додава од течноста од конзервата на печурките. Откако месото убаво ќе биде динстано се зачинува со малку оригано, црн пипер и се залива со белото вино. Во одвоено тенџере се вари супата од печурки, според упатството напишано на кесата. Потоа сè се соединува заедно со останатите состојки во подлабокиот сад. Се покрива со капак и се става во рерна на печење околу еден час. Потоа се отвора капакот и се додава киселата павлака, сè заедно се меша и откриено се враќа во рерна на околу 20-тина минути.





## Бананко торта

**Потребно е:** 300 г мелени бисквити, 120 г путер (растопен), 100 мл млеко, 2 лажици какао, 2-3 лажици шеќер во прав, 2 банани, 6-8 бананко чоколатца, 100 г чоколадо за прелив и малку масло, кокос и чоколадни зрнца.

**Подготовка:** Во сад се мешаат мелени бисквити, какао и шеќер во прав, се додаваат растопениот путер и млекото, па се замесува смеса како меко тесто. Смесата се става на хартија за печење или прозирна фолија и се развива во правоаголна форма со дебелина околу 1 см. На средината се редат бананите и бананко чоколатцата. Со помош на хартијата или фолијата се витка во ролат и се остава во фрижидер најмалку 2 часа. За декорација се прелива со чоколадо, а може по желба да се додаде кокос, мелени бисквити и чоколадни зрнца.

М. Г.








# РАТКОВА СКАЛА – КАМЕНА ПОЕЗИЈА СО СУРОВА УБАВИНА






Во срцето на источна Македонија, во југозападниот дел на Осоговските Планини во општината Пробиштип, на 10-тина км североисточно од селото Злетово, меѓу селата Шталковица и Ратковица покрај долината на Шталковичка Река, на надморска височина до 1250 м се наоѓа локалитетот Раткова Скала – величествена карпеста убавина, како изваjана од раката на времето.

До местото се доаѓа по 3 км асфалтен пат од селото Злетово до селото Турско Рударе, потоа уште 4 км по добар макадамски пат до селото Шталковица и уште околу 3 км кон селото Ратковица по малку полош макадамски пат. Локалитетот се одликува со стрмни сиви карпи кои стојат исправено и горделиво, како неми стражари над долината, обликувани од вековната борба меѓу каменот и водата.

Долината на реката е со изглед на кањон. Нејзините карпести страни се формирани со бавното ерозивно дејство на Шталковичка Река низ постојаниот кварцен карпест материјал. Со вертикалното продирање на реката низ кварцот, се создаваат атрактивни стрмни, речиси вертикални „скали“ или терасесто карпести отсеци високи и до 400 м, од каде што доаѓа името Раткова Скала.

Легендата, пак, вели дека во многуте пештери имало орлови гнезда, а во некои имало и пчели. Мештаните раскажувале дека местото го добило името по некој Ратко кој често се качувал во пештерите да вади мед. Тие го предупредувале да не јаде многу мед, за да не му се слоши. Му викале: – Јади, јади Ратко, додека ти е слатко! Еднаш се прејал, па му се слошило и паднал во провалијата од височина од околу 300 м. По него останало името Раткова Скала.

Подрачјето е со уникатна геоморфологија. Има повеќе мали водопади и брзаци, сипари, мориња од карпи, скаменети лави, прекрасни видици, густа и богата вегетација со автохтони, ендемични видови, разновидни животни, птици, водоземци и влечуги, што го прави интересно за посетителите. Поради сите овие вредности, разновидниот екосистем и високиот потенцијал за промоција на одржлив рурален туризам, Раткова Скала е прогласена за заштитено подрачје како споменик на природата.

Раткова Скала зрачи со дива убавина и недопрена тишина каде шумата шепоти легенди, а реката под карпите ја раскажува историјата на пределот. Тоа е пејзаж на контрасти – суров и поетски, строг и раскошен во исто време, место каде што природата ја покажува својата моќ и својата нежност во еден ист здив.

Елизабета Петровска